**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Второто продолжение на Сто дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 април 2006 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Лупчо Јорданоски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 129-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Зоран Крстевски, Андреј Жерновски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Рафис Алити, Агим Џелили, Мендух Тачи, Игор Ивановски, Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Никола Апотолоски, Абдулади Вејсели, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Ганка Самоилова-Цветановска и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 6 - Предлог за донесување на закон за агенциите и за привремени вработувања, со Предлог на закон.**

Претресот по текстот на Предлогот на закон е заклучен. Треба да гласаме.

Ги молам службите да ме известат колку има потпишани и колку има картички подигнати.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратетниците да влезат во Собранието.

На свеченото обраќање на господинот Борел имаше потпишано 96 пратеника, што значи дека дневниците и патните трошоци се веќе платени.

Сега има 71 пратеник потпишан. Затоа ги молам пратениците да влезат во Парламентот.

Јас не знам дали позиција или опозиција е во прашање, сепак, треба да се гласа законот.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 54 пратеника.

Сега имаме 64 пратеника.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 67 присутни пратенци, 55 гласале, 46 за, нема воздржани, 9 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за агенциите за привремени вработувања.

Минуваме на **Точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со Предлог на закон.**

Госпоѓо Лепиткова, побаравте процедурално.

**Соња Лепиткова:** Почитуван претседателе, по член 74 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, барам поддршка точката 10 Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот "Маркови Кули" за споменик на природата, со Предлог на закон, да биде точка 7, бидејќи сметам дека оваа точка е битна да помине како таква. Барам поддршка од 10 пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Вие сметате. Не е битно што вие сметате, битно е што другите сметат. Имате поддршка.

Го ставам предлогот следната точка да биде Законот за прогласување на локалитетот "Маркови Кули" за споменик на природата, на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

68 се присутни, 60 гласале, 56 за, нема воздржани, 4 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Затоа одиме на **10-тата точка - Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот "Маркови Кули" за споменик на природата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот и молам кој бара збор,

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесување на закон за прогласување на локалитетот "Маркови Кули" за споменик на природата.

Ве повикувам да гласаме.

68 гласале, 66 за, еден воздржан и еден против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

64 гласале, 64 за, нема воздржан нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 7 во воведната реченица и на алинеја 16 со кој се согласил претставникот на Владата и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандман за додавање нов член 12-а по членот 12, по кој Владата не се произнела.

Имаме претставник на Владата.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а, по членот 12, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за животна средина и просторно планирање.

**Драгољуб Матовски:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи тоа прашање е регулирано во глава 7 во делот за финансирање во членовите 161 и 167.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 13 гласале за, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Овој закон за прогласување на локалитетот "Маркови Кули" за споменик на природата беше доставен до ова Собрание. Беше повлечен од предлагачот и еве сега повторно се става. Јас не се сомневам во целите кои што сакаат да се постигнат со овој закон, а кои се внесуваат за целосна заштита на локалитетот "Маркови Кули", не само како споменик на природата, туку пред се како културно историски споменик.

Прашањето што треба да биде решено со овој закон се однесува пред се, на начинот на преземање на одредени активности во овој локалитет. Опфатот на тој локалитет и она што треба да претставува вистинска негова заштита за да не се нарушат историските значајни обележја кои што го красат овој локалитет.

Меѓутоа, исто така, сметам дека со утврдувањето на овие граници, пред се, ќе се изврши заштита од уништување,  ако можам така да кажам, или целосно занемарување на овој локалитет од негова заштита, затоа што факт е дека е неопходно потребно преземање на одредени мерки кои што спаѓаат во доменот на надлежностите кои што ги имаат институциите, пред се, мислам на институциите од обаста на културата, како и институциите кои што се занимаваат со прашањата на археолошкото наследство и институциите кои што се занимаваат со обезбедување на можности за достапност на обележјата и квалитетите на знаменитостите кои што го красат овој локалитет. Тука пред се, мислам на преземање на активности и од страна на општина Прилеп, со тоа што секако, со овој закон не треба да и бидат одземени ингеренциите кои што ги има како општина. Зборувам од областа на оние надлежности кои што се однесуваат на инфраструктурното уредување на овој простор, затоа што факт е дека на овој простор има и живеалишта, има и цркви, и културно историски споменици, каде што е неопходно потребно изградба на канализациони објекти и други објекти кои што значат снабдување со вода за пиење на населението кое што живее во непосредна близина на овие манастири и други културно историски споменици. Истовремено, локалитетот "Маркови Кули" е во непосредна близина на градот Прилеп и врз основа на таа негова место положба, неопходно е да се обезбеди една уреденост и можност за искористеност на локалитетот од локалното население, зборувам од аспект на излетнички туризам, од аспект на посета на тврдините на сите оние природни убавини кои што ги има локалитетот "Маркови Кули", кој што треба да им се обезбеди на школската популација во Република Македонија, меѓутоа, и на сите други заинтересирани да имаат пристап до нив и да можат да се запознаат со историските факти кои го одбележуваат овој локалитет.

Затоа, конкретизацијата и соработката на мерките кои треба да се преземат и соработката која што треба да биде остварена не само преку Министерството за животна средина и просторно планирање, туку и преку Министерството за култура, општина Прилеп, тука мислам на Заводот и Музеи на општина Прилеп. Овде во Законот се наведува и институтот за старословенска култура, како еден од факторите кои што имаат целни надлежности согласно овој закон да се направи една активност, или една програма која што ќе значи начин на заживување на овој локалитет, не само заштита туку и унапредување на неговите можности пристап до него и воопшто инфраструктурно уредување на овој дел. Секако имаше такви активности порано и тоа треба да се врати онаму каде што беше 2002 година, а потоа да се направи доградба на овие други потребни објекти кои што ќе значат реализација на таа програма, на тој план и кој што ќе значат вистинско означување на локалитетот во вид на вистински споменик на културата пред се, а потоа споменик на природата. И трета работа, вистинска природна реткост која што значи многу и за градот Прилеп и за историјата на Мкедонците кои што живеат во околината, меѓутоа и за историјата на Македонскиот народ каде што се врзуваат голем број историски факти со овој локалитет.

Затоа, сметам дека донесувањето на овој закон не треба да биде цел сама за себе, туку треба од него да произлегуваат други активности кои што ќе бидат насочени во оваа насока за која досега зборувам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Топузова имате збор.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе,

Јас не би сакала многу да одземам од времето, бидејќи ни претстојат и други точки од дневниот ред. Нема да зборувам за значењето на локалитетот "Маркови Кули", но навистина, добро е што сите пратеници, а еве сега и почитуваниот мој колега Блаже Стојаноски изразија поддршка на донесувањето на овој закон и јас во таа насока само би кажала дека навистина се работи заз еден извонредно значаен локалитет, како од културно историско богатство, исто така и од природно богатство, со многу значајни споменици на природното богатство и тука би сакала само една мала реплика на колегата Блаже Стојаноски.

Што се однесува до локалната самоуправа, апсолутно нема да биде исклучена во рамките на нејзините ингеренции и морам да кажам дека овој закон беше на јавна расправа. На таа јавна расправа, поготово во градот Прилеп учествуваа сите институции кои што имаат допирна точка со овој локалитет. Дали тоа се работи од аспект на природното богатство, или од аспект на културното богатство, сите тие дадоа свои мислења и сугестии, кои што се внесени во овој закон.

Исто така, сите министерства кои што имаат одредени ингеренции во оваа насока имаат дадено свое мислење и сите мислења се доставени до Владата. Морам да кажам дека сите позитивно се изразија, поготово за значењето за природното богатство. Секако дека мора да се има во иднина предвид и културното богатство. Во голема мера тоа е разграничено од природното богатство, но во еден до два објекта имаме случај каде што не може да се направи доследно разграничување помеѓу културното и природното богатство. Се надевам дека и Министерството за култура многу брзо според новиот закон за културно наследство ќе направи ревалоризација на овој споменичен комплекс од аспект на културно богатство и во тој случај ќе добие уште една заштита, значи, двојна заштита не само како споменик на природата, туку и како значаен споменик на културата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Нема пријаени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 7. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господине Караџоски, повелете имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе,

Значи овој закон за вработување и осигурување во случај на невработеност веќе незнам колку пати ова Собрание го разгледува како Предлог на закон за изменување и дополнување. Еве само ако го земеме да видиме колку во службените весници ваквиот закон е изменуван, тоа е едно пет шест пати и тоа само заради едно исто. Се е во функција на намалување на паричниот надомест на невработените лица и навистина, нема логика ако цело време се зборува и во претходниот закон кој што имавме прилика да се изгласа кај агенциите за вработување иако се надоврзе сега и овој, секогаш се главните причини активни мерки на пазарот на трудот, со цел поттикнување и поддршка на вработувањето,а намалување на износот и пренасочување на средствата на пасивните кон активните мерки. Тоа е образложение од овој закон, како и поттикнување на активно барање на работа со користење на средства во рамките на активните мерки. Сите овие години сме сведоци дека ваквите активни мерки, за кои што сега Влада постојано зборува не постигнале никаков напредок во смисла на подобрување со вработувањето во Република Македонија. Секогаш се завршува на некаков експеримент, а особено во делот на овој закон. Значи, законот за осигурување во случај на невработеност, со тоа што периодично, одреден период постојано се намалува сумата или вкупната сума, или времетраењето на паричниот надомест кај оние невработени кој што останале без работа не по нивна вина, се разбира. Или во случај најчесто на технолошки вишок, или во случај на стечај и тн.

Значи, ако причина за нивно вработување е тоа што земале повеќе време паричен надоместок, или пак тој паричен надоместок, онолку колку што е износот негов е причина што бројот на невработените, особено во таа категорија е мизерен, поточно нема никаков интерес за нивно повторно вработување, јас тогаш не гледам навистина логика од носење на еден ваков закон. Целото ова време, целата пракса покажа дека апсолутно ваквите мерки, односно ваквите закони со кои што се укинуваат, или намалуваат правата на паричен надомест по основ на невработеност и во времетраењето во износот не постигнале никаква продуктивност, или никаков позитивен ефект кон оваа категорија на граѓани.

Да бидам искрен, очекував дека Владата ќе најде разбирање за оваа категорија на граѓани. Значи зборувам за категорија на граѓани кои што останале без работа по пат на технолошки вишок, или по пат на стечај, која што е можеби најзагрозена во Република Македонија. Тоа се категорија на граѓани каде што имаат одреден број на работен стаж, кој најчесто изнесува преку 15 години, или старосна граница над 50 години, каде што навистина, во овие услови на либерализација на трудот, постои огромен мал

интерес за нивно вработување од страна на сите други работодавачи. Заради тоа оваа категорија на граѓани постојано се наоѓа на маргините. Сигурно е дека за нив не е проблем да работат. Тие сакаат да работат, но се поставува прашањето каде кога нив никој не ги сака. Не ги сака пред се, заради старосната граница, а не заради работното искуство. Не треба сега да се надмудруваме, да се правиме колку сме паметни. Доволно е само да погледнеме во огласите, каде што имаме мприлика да ги читаме во средствата за информирање, или на јавните медиуми да ги читаме, ќе видите дека во најголем дел, ако воопшто се бара работа се бараат помлади генерации. Не ретко во огласите стои да не е постар од 30 години, да не е постар од 25 години и тн. Што значи за оваа категорија граѓани да се најде работа е мисловна именка во оваа држава. Затоа, не можам да сфатам еден работник кој навршил 25 години работен стаж, или над 25 години стаж, ако остане без работа, сигурно дека ќе има преку 55 години старост да му се исплатат 12 месеци паричен надомест и со тоа приказната да заврши. После тоа, тој граѓанин нема шанса апсолутно, да бара нешто друго или да бара било каква друга работа. Значи, оставен е на маргините и мислам дека една сериозна држава, која по Уставот се декларира како социјална држава, не може едноставно вака да се однесува кон оваа категорија на граѓани. Значи, ќе повторам јас се надевам дека Владата ќе има слух кон оваа категорија на граѓани, особено ако го знаеме фактот што во последно време се иницира иницијатива од стечајните работници, од оние работници кои се технолошки вишок прогласени, кои што имаа разговори и со министерот и со Владата и кои што повеќе пати ги искажуваа овие проблеми за кои што јас овдека расправам.

Значи ова, што во овој закон се објаснува дека по пат на некакви активни мерки ќе се вработат, односно ќе се придонесе до подобро вработување на граѓаните во Република Македонија е чиста лага. Со овој закон, не може да се постигне тоа што пишува во образложението, освен што ќе му се ускрати, односно државата ќе намали одреден број средства да се одлеваат кон ваквата категорија на граѓани. Но, никој, особено Владата не се прашала. Мислам дека оваа тема е сериозна за дискусија и треба да се сослушаме. Не мора да мислиме исто.

Јас ќе се потрудам да направам една ретросепктива на овој закон кој што често пати ни се нуди. Ако сега го разгледаме членот 71 став 2, кој што сега се менува и да почнеме од почетокот, значи од точка 1, каде што паричниот надомест на невработено лице се исплатува. Сега имаме еден месец ако има стаж на осигурување најмалку девет месеци со непрекинато траење, или 12 месеци прекинати во последните 18 месеци. Значи ова веќе е новина. Во претходниот закон беше три месеци, а во тој пред него беше шест месеци и тн.

Сега да не читам понатаму, бидејќи во секоја наредна точка ако сега станува збор за два месеци за осигуреници со над 18 месеци работен стаж, сега е два месеци, претходно беше четири месеци, пред тоа беше осум месеци и тн. и завршуваме со максимум 12 месеци, кој може да го земат како паричен надомест сите оние вработени кои имаат над 25 години работен стаж, значи една година, а оние што се до 25 години стаж 11 месеци. Значи тука имаме намалување и во таа функција се намалува должината поточно времетраењето на исплата на паричен надомест и навистина не можам да сватам дали ова е некаква активна мерка. Би можел да сватам и логично би било доколку Република Македонија како држава има навистина понуда од работни места, имаме работодавачи кои секојдневно нудат работни места, арно ама работниците или граѓаните не сакаат да конкурираат заради тоа што привилегиите од ваквите надоместоци им се добри, висината е добра, осигурени се и пензиско и здравствено, тоа трае неограничено, така што кај нив не би се јавил интерес да се јавуваат на работа. Меѓутоа, во една ваква ситуација кога некој граѓанин ќе земе само еден месец паричен надомест заради тоа што останал технолошки вишок, или три месеци, четири месеци, со тоа што ќе му се ускрати, нема да се постигне ништо освен што ќе добиеме социјален случај, а во меѓувреме немаме никаква зголемена понуда на работни места во Република Македонија, да не речам таа е иста сите овие 15 години наназад. Значи немаме никаков показател со кој би покажале дека во Република Македонија во овој момент се случува поголема понуда на работни места, а незаинтересирани се граѓаните, особено оваа категорија која останала без работа, па заради таквата незаинтересираност со еден ваков закон да ги стимулираме да се конкурираат за работни места. Тоа е една работа.

Втора работа, не го гледам ефектот, ако до вчера по истиот овој член имало по еден месец поголемо времетраење на овој паричен надомест, ако сега се скуси со месец или два дека тоа е поголема активна мерка во смисла на вработување.

Почитувани пратеници, господине министре, и сега пред Собранието на Република Македонија стојат одредени граѓани на Република Македонија кои се од оваа категорија на технолошки вишок и стечајни работници. До нас овде се доставени еден куп писма со содржина во која предлагаат што сакаат, односно што на нив во овој момент им е потребно, ако сме сериозна држава и влада која се грижи за граѓаните на Република Македонија. Тоа не се барања што се предочени овде во овој закон. Тоа се барања со кои сакаат да имаат некаква социјална сигурност во услови кога никој не сака да ги земе на работа, ама баш никој. За таа категорија на граѓани нема да помогнат ни агенциите за привремено вработување, а тој закон го усвоивме сега пред да преминема на оваа точка, ниту пак овој закон, со тоа што ќе му скинете некој месец паричен надомест и на тој

начин да го стимулирате тој граѓанин, затоа што тој и така е стимулиран и сака да работи, ама прашањето е каде. На проблемите треба да приоѓаме суштински, а не површно, не само да се каже дека заради тоа што некој се задоволува со неколку месеци надомест, и тоа било пречка да биде работно ангажиран, туку на проблемот треба да погледенеме суштински. Во Република Македонија денес многу малку, да не речам воопшто никој, ваква категорија на граѓани не сака да работи и тие стојат на маргините во Република Македонија, ние како Влада или како држава или како Собрание не сме нашле решение, па едноставно се поставува прашањето каде ќе одат тие луѓе.

Заради тоа сметам дека овој закон е апсолутно непотребен, само ја потврдува рестриктивната политика на оваа Влада, да не речам ова Министерство кое во континуитет го прави, а ефекти немаме ама баш никакви. Затоа не ми е логично еден ваков закон особено сега да се донесува заради тоа што нема да постигне никаков ефект, освен негативна енергија и се поголемо незадоволство кај граѓаните на Република Македонија.

Владата на Република Македонија мораше да изјајде, мораше да изнајде некое решение со кое на оваа категорија на граѓани ќе им излезеше во пресрет. Можеби не се она што тие го бараат, но во секој случај подобро отколку ова што сега го нудиме. Ова е спротивно не само од тоа што бараат, туку и тоа што до сега го имаа, значи уште порестриктивно. Тоа ли е одговорот на маката на граѓаните?

Заради тоа, и јас и пратеничката група на ВМРО-Народна партија не сме подготвени да го поддржиме овој закон. Само да ве потсетам почитувани пратеници, ние имаме поднесено наш закон како пратеничка група токму на оваа тема, со кој многу поинаку го предлагаме решавањето на овој проблем, па се надевам дека кога ќе дојде таа точка на дневен ред ќе сватите за што се работи и веројатно позитивно ќе се произнесете. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Имате реплика или збор, господине министер? (Збор).

Повелете, имате збор.

**Стевчо Јакимовски:** Прво, сакам да укажам дека Предлогот за измените на ова законско решение во континуитет трпи измени не само од оваа Влада, туку и од претходните влади, од едноставна што ова е жива материја и што се менува. Најбитното прашање за нас е дека прашањето на големите стечаи, големите загубари и големите отпуштања на технолошки вишоци се веќе завршени и за разлика од паушалните дискусии, јас ќе зборувам со силата на аргументите, а аргументите се бројките.

Прво, сакам да кажам дека претходната влада, значи на ВМРО-ДПМНЕ, овој закон го менувала три пати, во насока на рестрикција и намалување на правата на вработените во случај кога останувале без работа. Значи тоа се три измени на ова законско решение и морам да потсетам дека претходно до 1998 година вработените сите оние што имале над 25 години стаж имаат право на поддршка на овој закон, за да потоа се смени и бидат само оние кои што се над 53 години жени, односно 55 години мажи, тие да имаат минимум 15 години стаж. Значи честите измени и дополнувања на овој закон не се автохтона желба или решение на оваа влада, туку биле исто така решение на претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ.

Исто така, морам да кажам дека со овој закон ги решивме токму рецидивите на претходната влада, што голем број фирми ги доведе во ситуација да банкротираат и да останат голем број работници како технолошки вишок, по што мораше да се земат аранжмани кои вредеа и над сто милиони евра.

1998 година Република Македонија има 39.946 илјади технолошки вишок и стечајци. 2002 година по завршувањето на мандатот на ВМРО-ДПМНЕ имаме 46.772, тоа се за 6.000 повеќе. Денес кога некој ја критикува економската политика на оваа влада, зборувам на 31 март, имаме 36.901 технолошки вишок, што е за скоро 10.000 помалку во однос на 2002 година.

Решенијата што се предлагаат со овој закон прво имаат логика, второ мора да се движиме по начелото на правичност. Логиката е следната: Дека не може да му се плаќа некому придонес за пензиско и инвалидско осигурување кога тој не работи. Придонесот се плаќа за оној што има засновано работен однос.

Инаку, јас како министер ги посетив и останатите министри во регионот, во кој освен Хрватска што има слични решенија и делумно Романија која има само три години пред пензионирање вакво решение, ниту една друга земја нема решение како што има Република Македонија. Србија има максимум до една година, Црна Гора максимум до една година добиваат работниците што остануваат без работа и тоа максимум до 30 евра. Бугарија исто така нема ваков закон. Значи правата од работен однос на работниците во Македонија и во Хрватска се најголеми во регионот.

Како резултат на тоа, на такви мерки, и морам да кажам на одредени решенија кои се носеле за да моментално се гаснат одредени пожари, денес имаме лица кои се стекнале со право на паричен надомест до 2024 година, земаат по 15.000 - 20.000 денари, а придонесот за пензиско и инвалидско осигурување се плаќа на дупла сума. Тие ќе одат во пензија со повисоки пензии отколку веројатно и вие почитувани пратеници ќе одите. Јас сум длабоко убеден дека длабоко во себе и вие се согласувате со фактот дека не е ред и не е фер према оние работници кои одат на работа, а кои не успеваат фирмите заради економски тешкотии или било како да им ги ллатат придонесите, или пак да плаќаат на минималец, да имаме работници кои ќе имаат вакво

комодитет, а од друга стана нашите истражувања покажуваат дека 37% од вработените кои нашле работа одбиваат да бидат пријавени од причини што или се технолошки вишоци или се стечајци или се корисници на социјална помош.

Сега пред да дојдам на седницава зборував со еден стопанственик кој што барал 15 градежни работници, разговор извршил со преку 50, од нив само осум прифатиле да донесат книшка и да бидат пријавени во Агенцијата за вработување, а сите останати одбиваат да бидат пријавени. Тоа се сериозни индикации дека и таа мала социјална сигурност преку овој закон што ја имаат лицата, особено плаќањето на пензискиот стаж, а во голема мера ги деморализира тие да бидат регистрирани во Агенцијата за вработување како вработени и на нив никој не им го спори правото на паричниот надоместок, тие да бидат регистрирани, кога повторно ќе останат без работа повторно да продолжат да си го користат ова право, оние што имаат право до пензионирање.

Ова решение што ние го предлагаме значи кажува дека 1.670.000.000 минатата година сме дале за придонес за пензиско и инвалдиско осигурување за работници кои останале без работа или се стечајни работници, некои од нив навистина не се социјално загрозени, имаат доста години, 15, 20, 30 и тн. години на старост. Сакам да ве потсетам дека целокупната социјална помош за 66.000 социјални семејства во оваа држава изнесува 1.650.000.000. Значи придонесот за пензиско и инвалидско осигурување што го плаќаме за некој што не е во работен однос изнесува исто толку колку што изнесува целата социјална помош во Република Македонија. Трансферот од Буџетот на Република Македонија спрема Агенцијата за вработување оваа година е 4.880.000.000, а сите социјални права во Република Македонија вклучувајќи и детска заштита, вклучувајќи и прашања на борците и воените ветерани, прашањето на негата од трето лице, постојана парична помош, посебниот додаток и тн., значи сите социјални права што ги уживаат сите граѓани во Република Македонија се 2.850.000.000. Ова кажува дека имаме целосна дерогација на нашиот систем на социјална заштита и ова што некои зборуваат дека работниците што не можат да најдат работа и тн. - напротив, ние треба да одиме во друга насока, да го подигаме прагот на сиромаштија и да вклучиме што е можно повеќе луѓе во системот на социјална заштита.

Ваквите решенија во кои, без разлика, одредена личност дали е социјално загрозена или не е социјална загрозена да користи вакви права, апсолутно не дава резултати, односно тоа се решенија кои веќе се напуштени во земјите од регионот. За ваша информација, на пример, Црна Гора годишно дава три милиони евра за стечајни работници и технолошки вишоци, а земја два ипол пати помала од Македонија, Република Македонија годишно дава 80 милиони евра. За да имаме активни мерки за вработување ние мораме тие пари од некаде да ги најдеме. Мора да направиме рестрикција на делот од правата кои одредени лица нелогично ги користат за да можеме тие средства да ги искористиме во друга намена. Во конкретниот случај, од ова прашање на годишно ниво ние ќе заштедиме некаде 70 милиони денари кои ќе ги вклучиме во програмите кои ги имаме за делот за активно вработување.

Минатата недела имав прес конференција на која кажав дека од 450 илјади долари ние обезбедивме 350 нови вработувања. 350 нови вработувања се повеќе отколку што има една фабрика, една "Витаминка" во Република Македонија. Правите решенија се, ако ние издвојуваме средства за да тие лица ги поттикнуваме да работат, работодавачите да отвораат нови работни места, да даваме што е можно повеќе бенефиции, овие лица кои се технолошки вишоци до повторно вработување или до пензионирање да даваме поголеми суми како стимулација на нивните работодавачи, а ако останат повторно без работа, повторно да ги вклучиме во системот на заштита кој што ние имаме.

Скалата што е предложена - еве сега јас ве прашувам, а вие самите одговорете си - праведно ли е некој што работел само девет месеца да добие три месеци платен надоместок од Агенцијата за вработување и платен придонес за пензиско и инвалидско осигурување, а работник кој што работел 30 години да добие само година дена. Девет месеца во однос на 30 години, значи овој ќе користи право една година, а овој ќе користи три месеци. И, зошто сме предложиле ваква скала. Затоа што имаме енормни злоупотреби. Има фирми кои што работниците ги пријавуваат девет месеци, па го одјавува три месеца, бидејќи ние му ги плаќаме придонесите и добива 50% плата, 50% тие му ја плаќаат па пак девет го пријавува, пак три го одјавува, на такви секои четири одјавувања и пријавувања добиваат една година гратис. Таа една година гратис што е - бенифициран стаж? Значи на четири пријавувања, една година се добива гратис од државата. Такви решенија апсолутно немаат логика и тие се злоупотреба. Ние не зборуваме за намалување на правата, зборуваме за намалување и на делот на злоупотребите. И не е праведно некој што работел 9 месеци, да има три месеца заштита од државата, оној што работел 30 години да има само една година. Што значи дека е предложена скала која што, оној што помалку време издвојувал во Агенцијата за вработување средства, помалку и ќе користи. Оној што најмногу издвојувал, тој ќе користи и најдолго, во конкретниот случај лицата со над 20 години стаж ќе користат најмногу, а оние лица, исто ли е дали вие 25 години плаќате придонес за осигурување во случај на невработеност и дали плаќате 15 години. Според претходхното решение, тој што плаќа 15 години и вие што плаќате 25 или 30 години да користите исто право. Тоа нема логика. Ние се држиме до начелото на социјална правда и предлагаме решение, скала која што ги градира

согласно стажот. На секој две ипол години стаж се добива по еден месец хоспитализација од страна на Агенцијата за вработување.

Натаму, целосно водиме сметка за постарите вработени. Во тој дел не правиме никакви измени. Значи, работници кои што се жени над 57 години, мажи постари од 59 години тие имаат згрижување во Агенцијата за вработување до нивно повторно вработување или до пензионирање.

Но, придонес за пензиско и инвалидско осигурување ќе плаќаме само на оние што немаат и се постари од 57 односно 59 години, а немаат минимум 15 години стаж за да тие лица не ги оставиме да останат без основната заштита, а тоа е без да добијат пензија. Значи, ако некој имал 13 години стаж ние ќе му плаќаме до 15, за да може да оствари право на минимална пензија.

Во конкретниот случај ние денес во Република Македонија имаме 4.600 лица кои што имаат између 10 и 15 години стаж им фали по некоја година стаж, а не можат да остварат право на пензија затоа што немаат минимум 15 години стаж. Значи, ние како држава, како Министерство водиме во целост сметка за постарата карегорија на граѓани и оние што немаат доволно стаж, за да можат да дојдат до тие неопходни 15 години, како истите лица би можеле староста да ја дочекаат со некоја минимална пензија. Сето останато добива паричен надоместок исто како претходниот случај, само што придонесот за пензиско инвалидско осигурување нема логика да му се плаќа на некој што не оди на работа, а имаме работници кои што одат на работа а не им се плаќа придонесот за пензиско инвалидско осигурување како резултат на потешкотиите во фирмите, а ние тие средства секако ги земаме од даноците и придонесите што ги собираме токму од оние што одат на работа. Јас сакам одговорно да потсетам, дека 25% во оваа држава доходот го создаваат токму текстилните работници. Колкави се платите таму за да можеме ние оптоварувањата да ги направиме на таа текстилна индустрија, за да може да даваме вакви бенефиции, како што сега ги даваме.

Не знам 10% градежната индустрија, 11% земјоделството и така натаму. Значи ние немаме високодоходовни гранки на кои што можеме да им наметнеме вакви опретерувања за да на работниците кои што одат на работа имаат, им се плаќа помал придонес, во однос на работниците кои што не одат на работа. И ние сме предложиле во конкретниот случај едно правично решение и едно логично решение и нормално со консултација со направени претходни консултации и компаративни анализи со сите земји во регионот зад кој стои и Министерството за труд и социјална политика и Владата.

Норамално дека има реакции, нормално секој кој е засегнат ќе има намера да реагира, но ние не можеме да одиме напред ако постојано издвојуваме средства само за пасивни мерки, само некој да биде социјално згрижен.

Затоа повторувам дека системот за социјална заштита треба да се менува, прагот на сиромаштија мора да се покачува, таму во тој дел мора да бидат хоспитализирани што е можно повеќе луѓе, а полека, но сигурно овие средства треба да ги користиме за стимулирање на вработување.

На крајот сакам да кажам уште едно дека измени во делот на пазарот на работна сила нема, апсолутно не е точно. 2002 година во Македонија нашле работа, значи некои повеќе пати добиле работа, изгубиле работа, добиле работа и т.н., 184 илјади лица. 2005 година 246 илјади лица се регистрирани како вработени, значи по истиот метод, во Агенцијата за вработување. Значи, пазарот на работна сила си ја покажува својата флексибилност едно лице во текот на годината повеќе пати и да биде отпуштано и да наоѓа работа, полесно се губи работа, но и полесно се добива работа. Тоа е целта на овие мерки што се предлагаат и со овој закон и со Законот за работни односи и со другите законски решенија. Ќе видите, имаме нови решенија со Законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Благодара,.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине министре.

Господине Караџоски, реплика? Повелете три минути.

**Жарко Караџоски:** Господине министре очигледно дека треба јас да се јавам за да ве разбудам за да се јавите и кажете воведно што се правите во смисла на она што сега овде го искажавте.

Не знам дали сум ви јас стимул или не чувствувавте потреба сето ова да гокажете не заради мене, туку заради граѓаните на кого овој закон се однесува.

Еве јас ќе си дадам за право во иднина секогаш кога ќе бидете тука јас прв ќе се јавувам за да ве стимулирам да кажете колку ни е убаво во Република Македонија.

Понатаму, ова што сега го зборувавте не знам од каде го слушнавте? Најверојатно од кампањата што ја водеше ЛДП со слоганот "како сте", па одговорот ви беше "супер сме" или што ви е гајле како сме. Меѓутоа, вчера имав прилика кога ја завршувавте таа кампања, не знам што државте дали Собрание или што каде еден од вашите, поточно вашиот лидер искажа дека еден од главните одговори на прашањето како сте, беше проблемот со невработеноста, проблемот со сиромаштијата, проблемот за се она што јас овде зборував. Сигурно дека и ние како претставници на граѓаните слушаме, не прашувате само вие, прашуваме и ние или без да прашаме ни кажувате дека проблемот во оваа држава е невработеноста. Овде можете да кажувате бројки колку сакате, меѓутоа, суштински ништо не сте направиле. Со бројки многу лесно се манипулира, но народот така не ги чувствува. Дали се зголемил пазарот на работна сила, дали ова или

она, во суштина денеска граѓаните на Република Македонија воопшто не се чувствуваат добро во смисла на тоа дека живеат нешто подобро од 2002 година наваму.

Да ви дадам еден совет, ако сакате да заштедите пари, како што кажувате дека многу ви се одлеваат, впрочем и сами сте контрадикторни, еднаш велите за измените на Законот разликата со три месеци и 12 месеци еве ви едно соломонско решение, укинете го Законот, па не давајте никому ништо по овој основ, белким така сите ќе ги натерата да трчаат и да одат на работа. Вака со намалување и рестриктивната политика која ја водите, наместо 3 месеци 1 месец надомест е пречка да се вработуваат, еве укинете го Законот, нека не постои еден ваков Закон, па така да ги натераме луѓето да одат на работа, со оглед да вината ја предочивте кај нив, а не кај работодавачите.

**Љупчо Јордановски:** Збор или контрареплика министре?

Контрареплика, повелете една минута.

**Стевчо Јакимовски:** Измените на овој закон не ги образложив од едноставна причина што сметав дека има само 5 измени, тоа се толку јасни и едноставни и очекував вие како интелигентен пратеник кој сте два мандати во Парламентот, дека веројатно сте ги опсервирале. Меѓутоа, целата ваша дискусија беше политичка и паушална, а јас зборував со силата на аргументите. Фудбалерите не се брои кој колку пати на противникот му ја протнал топката меѓу нозе или колку пати ги дрибнал, значи се брои колку голови на крај има дадено. Јас ви читав бројки, а вие ако не сакате да ги почитувате бројките, тоа е ваш проблем.

Второто прашање, прашањето за тоа кој живее лошо, кој живее добро. Јас не можам да оценам кој живее добро, но знам сигурно една категорија на лица кои живеат лошо, тоа се оние кои на име на мајките купуваа по три стана пред наколку години, тоа се оние што возеа со затемнети стакла коли без регистрации, тоа се оние кои си ги омрсија брковите од ...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам министре, заврши вашата минута.

Повелете господине Мешков, имате збор.

**Љупче Мешков:** Благодарам претседателе, овој закон навистина е по обем, како што рече и министерот, мал само од неколку одредби, меѓутоа, содржи навистина многу суштински работи и работи кои се однесуваат на една категорија луѓе кои се наоѓаат на работ на својата егзистенција.

Ова е една од честите измени и дополнувања кои ги носиме на ова Собрание, а кои по својата природа имаат рестриктивен карактер. Без оглед на фактот колку образложението на министерот по некои работи држеше, сепак не можеме а да избегнеме од фактот дека навистина се работи за рестрикција, а рестрикцијата секогаш се прави во случај кога има недостаток на средства.

Значи, во случаите кога приходите се намалуваат, единствениот излез од такви ситуации гледаме во рестрикција на правата, мислејќи дека на тој начин ќе ги избалансираме работите.

Образложението дека овие средства со нивната пренамена за активни мерки за вработување можеби даваат некаква надеж, но јас лично не верувам дека со таквото пренасочување ќе се постигнат некакви повидни резултати на полето на вработувањето, како еден проблем кој треба и те како да се ангажираме да се решава во наредниот период.

Можеби ќе беше добро на Министерството оваа работа да му текнала порано, пред 4 години, па со сите овие пари кои можеа да се издвојат за активни мерки сега можеби ќе имавме една многу помала невработеност отколку што денеска ја имаме.

Ако го погледнеме законот по неговата содржина во членот 2 изгледа навистина логично решението да се плаќа придонес за пензиско и инвалидско само за лица на кои им е потребен минимум стаж пропишан со Законот за ПИОМ, а тоа е 15 години, меѓутоа, факт е дека сега со овој закон ќе ги ставиме во малку поразлична состојба старите и новите корисници. Имено, 15-те години минимум на стаж се потребни дури и во приватниот сектор на пример кај приватните работодавци присутно е во последно време тежнеењето ког анекој ќе наврши 15 години стаж вели јас понатаму не плаќам придонес затоа што нема потреба да се плаќа придонес, исполнет е минимумот што законот го бара во поглед на пензискиот стаж и нема потреба понатаму од плаќање на придонес, што, се разбира, не треба да се свати како исправно, секогаш треба придонесот за ПИО да се плаќа без оглед дали минимумот на стаж е исполнет или не.

Зошто реков различно? Затоа што на оние порано самото плаќање на придонесот носи одреден процент од пензиската основа, значи оној кој ќе биде 15 години и оној што ќе има 16 или 17 немаат ист процент од пензиската основа. Во тој случај овие со неплаќањето на придонесот над 15 години би биле оштетени не во условот, туку во висината, во износот на пензијата која би ја добиле заради тоа што би добиле помал процент од пензиската основица.

Јас на почетокот реков дека некои од образложенијата на министерот држат, но притоа се заборава една работа, а тоа е дека во случајот, зборуваме за една посебна категорија на корисници односно на осигуреници, тие се привремено невработени, луѓе кои на пример во паричниот надоместок не гледаат како на некоја економска категорија во која ќе има примарно значење должината на стажот, дали некој има 15, 20 или 30 години, но ќе се гледа како еден начин на најголемиот број на овие луѓе да им се обезбеди минимална материјална и социјална сигурност во услови кога останале без работа во најголем број случаи без нивна вина.

Она што сакам особено да го потенцирам е фактот односно членот 4. Во членот 4 се зборува дека поднесените барања до денот на влегување во сила на овој закон за остварување на правата од осигурувањето во случај на отказ ќе се решат според овој закон што за мене малку отстапува од правната наука и логика поднесени барања по еден поповолен закон да ги решаваме по еден закон кој е рестриктивен. Значи, новиот закон може, по правило, да го применуваме на стари случаи, но само ако новиот закон е понеповолен отколку бил стариот, што во овој случај не е така, не е факт. На пример, фактот што имаме многу барања може да се зборува и за неажурност на органите во решавањето на барањата. Сега прашувам што ако тие органи на пример биле ажурни, па со дневна ажурност ги решавале барањата, во тој случај нема да имаме барања да решаваме по нов закон. Сега да ги карикирам работите, ако имаме многу барања, а немаме пари, сега можеме да донесеме еден рестриктивен закон, да ги подведеме тие барања по новиот закон и тука ќе заштедиме пари.

Затоа мислам дека веројатно образложението на законодавецот е дека законот никогаш не би имал поголеми ефекти од неговото доенсување ако се решат поднесените барања по стариот Закон, меѓутоа, факт е , дека тоа не смее да се свали на главата на оние кои си го задржале правото да си поднесат барање во текот на важењето на еден закон кој бил поповолен за нив. Во секој случај овој закон е рестриктивен и тој не ги решава барањата на она што е актуелно, како што рече и претходниот дискутант, на луѓето кои се со над 25 години стечајни работници кои на секој чекор искажуваат незадоволство за статусот во кој се наоѓаат, имавме состаноци со нив, и мислам дека овој Парламент треба навистина да расправа што е можно побрзо и за прашањата и проблемите што ги тиштат овие луѓе, а кои се од нивна егзистенционална природа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Министре имате реплика или збор?

Повелете три минути реплика.

**Стевчо Јакимовски:** Прво да расчистиме. Ови елица, далеку од тоа дека се сите на работ на социјалната егзистенција, како што се дефинира. На работ на социјална егзистенција се социјалните случаеви. Овде не значи дека сите овие лица се социјални случаеви, напротив, некому можеби му работи жената, некому детето, друг член од семејството, има други извори на приходи, ова се права што ги остварува од тоа што остварува работен однос, што значи дека не можеме да оперираме дека се на работ на егзистенцијата 46 илјади луѓе. 66-те илјади социјални случаеви се на работ на егзистенција и тоа е утврдено со сите законски меѓународни стандарди.

Второто прашање, не може службите дали ажурно или неажурно решавале, има отказен рок. Ако се работи за пординци отказниот рок е месец дена, согласно Законот за работни односи, а ако се работи за над 5% отпуштање во претпријатието, 60 дена е отказниот рок, значи тие лица морале претходно со отказен рок да биле најавени во Агенцијата за вработување за да Агенцијата обезбеди средства. Без разлика колку ќе има технолошки вишок или стечајци, Агенцијата за вработување никогаш не се случило да не изврши исплата и да нема доволно средства. Сите тие средства се покриваат од Буџетот без никаков проблем.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господин Мешков.

**Љупче Мешков:** Господине министре, вие ми одговоривте на едно од прашањата кое што јас не реков сите се социјални случаи ниту можат да бидат, меѓутоа, реков дека најголемиот број се социјални и јас стојам на тоа дека човек кој ќе остане без работа денеска не верувам дека може да биде во добра материјална состојба, меѓутоа, не зборувам дека сите се социјални, не се сите, туку реков поголемиот број.

Јас посебно мислев дека ќе одговорите околу поднесените барања, решавањето на поднесените барања по новиот закон и ретроактивната важност на новиот закон што е малку невообичаена работа за еден рестриктивен закон во однос на постојниот се применува во пракса.

**Љупчо Јордановски:** За ретроактивноста јас знам поинаку дека тоа се интерпретира. Јас знам ако е законот подобар може ретроактивно да биде.

Повелете господине министре, имате една минута.

**Стевче Јакимовски:** Да расчистиме, не се работи за лица кои го стекнале статусот за лица за кои вие зборувате, тие се сеуште во работен однос. Значи, лица кои го стекнале овој статус никој во оваа држава по ни еден закон не може да им го ускрати правото. Вие зборувате за лица кои допрва треба да станат технолошки вишоци или стечајци. Ним не можеме да им го укинеме правото кое сеуште не го стекнале.

**Љупчо Јордановски:** Ова е контра реплика, нема реплика, тоа е ретроактивност за во иднина, за 10 години.

Повелете госпоѓо Поповска имате збор.

**Лилјана Поповска:** Благодарам почитуван господине претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги.

Пред нас имаме нови измени и дополнувања на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Овој несреќен закон продолжува да унесреќува нови луѓе во Македонија. Еве слушнавме дека откако е донесен има претрпено серија измени, меѓутоа, мене не ме интересираат промените што ги правела некоја друга влада , не ги знам условите кои биле тогаш и не можам да ги коментирам. Но, ги гледам сегашните услови и законот кој е рпед нас и токму тоа сакам да го коментирам.

Откако пред годинаипол се укинаа правата на надомест на повеќе илјади луѓе продолжува преку овој закон да се прават нови рестрикции на одредени права. Убедена сум дека ова и еден ваков закон не е она што го очекува армијата невработени и незгрижени наши сограѓани особено не оние лица кои имаат над 25 години стаж и кои бараат конкретно решение за своите проблеми. Едноставно бараат помош за да можат нормално да егзистираат.

Оваа верзија на измените на овој закон ја сфаќам, пред се, како маневр за да се фрли прав во очи на јавноста, да се покаже дека Владата прави нешто за намалување на вработеноста.

Во ред се стимулативните мерки, но тие ниту се на право место ниту се доволни. Не е во ред цената за нив да биде рестрикција на правата . Без паралелна социјална помош и со социјален надомест на одредени категории луѓе тие повторно се оставени да страдаат. Тоа се навистина илјадници луѓе. Слушнавме бројки, слушнавме дека десет илјади лица се помалку невработени од 2002 година. Можеби е така, можеби не, јас не знам, статистиката последните години е интересна дисциплина во Македонија, па понекогаш знае да не збуни. Меѓутоа, секогаш треба да го гледаме она што е пред нас, можеби има нови вработени, сигурно има, меѓутоа, постои таа армија невработени која преку овие нови закони што последната година и нешто се носат, се направи одреден механизам со кој се бришат од списоците, така што често пати ни се случува од кажување на сведоци да имаме практично фиктивни намалувања на невработеноста затоа што тие лица и понатаму се невработени, но или го пропуштиле рокот да се пријават или од некоја друга причина се избришани од списокот.

Од друга страна беше кажано дека се големи бројките за социјална помош и за социјална заштита, генерално. Да, големи се, апсолутно, споредено со приходите, споредено со вкупниот Буџет, тоа се големи зафаќања. Меѓутоа, тоа е нешто нормално што може да се очекува кога економијата во една држава е мртва, кога економијата и пазарот на трудот не можат да ги апсорбираат сите работоспособни граѓани и кога тие се оставени без помош да бараат работа знаејќи однапред во огромен број дека не можат да најдат, особено ако се луѓе кои се над 50 години, над одредена возраст која е најнепожелна кај работодавачите. Социјалните давачки се нужност затоа што сме социјална држава, затоа што сме потписници на Социјалната Европска повелба, меѓутоа, тоа би требало само да ни укаже, не да го констатираме, туку треба да ни укаже дека треба навистина да се направат големи скокови во економијата, да се направи еден интензивен економски развој, а при мртва економија, се разбира, овие бројки ќе бидат големи.

Значи, законот вака како што е предложен, убедена сум дека не нуди решение. Тоа само благо, благо ќе стимулира во одредена категорија наши сограѓани одредени вработувања, но тоа е незначително и прескапо за цената што значат рестрикциите на правата на друга огромна категорија граѓани. И дефинитивно мислам дека овие вака изолирани мерки нема да дадат позитивен резултат, а негативниот ќе биде многу поголем.

Морам да констатирам дека, еве и господинот министер во едно прилично розово светло ги оцрта состојбите во Македонија. Верувам дека секој кога работи сака да види резултати од таа работа и сигурна сум дека е тоа случај и со господинот министер. Меѓутоа, понекогаш подобро е нешто да не се кажува, отколку да се тврди нешто што другите сите околу нас го гледаат поинаку. Знаете, тоа е како со царевото одело, ако царот го нема, колку и да го опишуваш ќе се најде некое дете што ќе викне дека царот е гол. Морам да констатирам дека изгледа не дала резултати, или прави резултати кампањата на некои мои колеги, затоа што вистинскиот одговор на прашањето, како сте, или не го чуле, не го разбрле, или пак го поставувале меѓу свои блиски луѓе во затворени простории, а немале од кого да го чујат. Инаку, убедена сум дека на ваков начин не може да се работи, преку вакви закони не може да се работи на покачување на рејтингот на државата, затоа што она што го имаме во последно време, тоа е покачување на рејтинг листите каде што сме први во регионот по сиромаштија, први во регионот по корупција, последни во регионот по бизнис клима. Ако е тоа позитивен рејтинг на државата, тогаш само да честитам, се разбира со иронија.

**Љупчо Јордановски:** Господине министер имате реплика?

**Стевчо Јакимовски:** Дискусија.

**Љупчо Јордановски:** Една работа да ви кажам, ако одговарате на оваа дискусија, тоа е реплика. Ако сакате да одговорите на госпоѓа Поповска, тогаш ќе се пријавите за реплика. Вие имате реплика, ќе одговарате на дискусијата. Ако се јавите за збор, ќе зборувате за законот.

Има збор Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Прво, факт е дека Република Македонија е држава која што е посткомунистичка и е земја во транзиција и дека има потреба да се менува, а нејзиното менување може да оди само низ делот на законски проекти. Ако државата ни е добра, тогаш зошто сите ние не сме задоволни од неа и сакаме да ја менуваме? Ние неа можеме да ја менуваме само низ законски проекти и законски проекти кои што ќе бидат компатибилни со делот на регионот и кон оние кон кои што се приближуваме, тоа што значи кон Европа. Сите оние кои што се сомневаат во тоа што работи Министерството за труд и социјална политика би било добро да ги видат одговорите на прашалниците токму во делот на преземените мерки на пазарот на трудот и кои се коментарите на Европската комисија и од кога се преземени такви мерки, дали тие давале соодветни резултати и дали Европската комисија

со тоа што ние и во делот на работното законодавство и во измените на Законот за осигурување во случај на невработеност и во измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и во измените на Законот за вработување на посебниот фонд на инвалиди го правиме како измени и делот на Законот за социјална заштита, тали тоа дава ефекти и дали тие што се меродавни и пообјективни од нас тоа го верификуваат на соодветен начин и дали тоа што ние го работиме оди во правец на тоа што го работеле и другите земји? Прашање на овој закон кој што велиме дека може да биде рестриктивен, точно е дека има дел на рестрикции, меѓутоа неговите рестрикции одат во правец на намалување на нелогични права и во делот на зголемување на начелото на социјална правда, односно кој подолго издвојувал во фондот ќе добива подолго пари. Оној што пократко издвојувал, ќе добива пократко и тоа не може никој да не разубеди дека Министерството и Владата не е апсолутно во право.

Второто прашање, ние не смееме да мешаме социјален надомест од права од работен однос. Тоа се две различни категории. Социјалниот надомест ниту оваа Влада укинала некому социјален надомест, ниту пак ние ги намалуваме социјалните надоместоци. Напротив, ние со измените во делот на Законот за социјална заштита ние ги зголемувавме правата на граѓаните во делот на социјалната заштита. Ова се права од работен однос што ги има работникот. Тоа се сосема две различни категории. И ние кога зборуваме за сиромаштија и кога зборуваме за губење на работно место и едното и другото го ставаме во сиромаштија, не водејќи сметка дека семејството може да има други извори на приходи, било од закупнини, било од дивиденда. Значи, апсолутно не можеме да ги мешаме двете работи една со друга. Се она што презема Министерството за труд и социјална политика околу делот на намалување на невработените, зголемување на бројот на вработените, делот на реформите во пензискиот систем е токму на подобрување на бизнис климата и на условите за стопанисување на стопанствениците. Во Македонија мора полесно да се доаѓа до работно место, но исто така лесно да се губи работното место ако некој е несоодветен, ако не дава соодветни резултати, ако не знае да работи, или пак ако не сака да работи. Нормално дека пазарот ги диктира условите во кои што ние како земја со потпишани отворени трговски договори со девет земји во регионот и со договор со Европската унија јасно укажува дека конкуренцијата се повеќе секоја година, бидејќи ги намалуваме царинските стапки, конкуренцијата се повеќе ќе биде поголема и како резултат на тоа нормално просторот во цените за да можат да се трпат било какви дубиози апсолутно ќе биде се помала. И како резултат на тоа ние мора да правиме интервенции во делот на работното законодавство со цел нормално да се намалуваат тие трошоци, но во исто време да даваме поттик на сите оние што сакаат да отвараат нови работни места, или пак сакаат самите да се вработат.

Морам да кажам дека ние како Министерство во делот на намалувањето на бројот на лицата кои што бараат работа сме извршиле корекции кај сите оние лица кои што, значи согласно законската регулатива одбиваат да работат, работат на странски проекти, работат со договори на дело, работат во странство. Во една анализа направена во една амбуланта во еден град во нашава земја некни во саботата од 29 лица кои што оставиле плави картони кога се лечеле, 17 од нив се во странство. Дали ние како држава не треба да го чистиме тој список и тие лица што се во странство тие треба да си го плаќаат здравственото осигурување на нивните семејства, а не тоа да го користат преку Агенцијата за вработување. Ние мора таа евиденција да ја средиме. Ние не правиме ништо друго освен она што го прават сите земји во регионот и во светот. Ние мора сето тоа да го направиме за нашата желба за приближување кон Европа, не можеме таму да одиме со неочистени евиденции, со неточна бројка за тоа кој бара работа. И ние во моментов имаме 77 илјади лица кои велат дека не бараат работа, се пријавуваат само заради картоните за здравствено осигурување. И тоа се факти. Исто така, имаме факти дека токму од овие лица кои што се обезбедени со паричен надоместок на кои што им се плаќа пензиско и инвалидско осигурување, на кои што им се плаќа здравствено осигурување, наоѓа работа, му се нуди работа, му се нуди договор за работа, одбива да биде регистриран во Агенцијата за вработување, иако прима на пример минимални 2000, 2200, 3000 денари, иако Законот му дозволува и има право да оди во Агенцијата за вработување, Законот вели да се пријави, дека нашол работа за одреден временски период, да го стопира тоа право што тој го прима и трошењето на средствата што одат од Агенцијата да можеме да ги искористиме на друго место, луѓето не сакаат. Па потоа. нормално дека мораме да реагираме, ние со 63 инспектори нормално дека цела држава не може да се стави под контрола. И затоа се ова што го правиме, го правиме во насока не на намалување на правата, напротив сето ова го правиме во насока на подобрување на бизнис климата, во насока луѓето да ги поттикнеме да бараат работа, во насока да обезбедиме средства да даваме за вработување. Значи, сето тоа го рпавиме за да можеме да го зголемиме бројот на вработени. Инаку, проблемите на невработеноста во Република Македонија се од структурен карактер, проблемите не се од вчера, или од завчера. Во 1990 година Република Македонија имала 150 илјади работници повеќе отколку што е потребно во претпријатијата и Македонија е земја која што има целосно пазарна економија и кога мораше да дојде до израз. Едниот дел од решенијата ние мораме да ги бараме во економијата, подобрување на економијата. А вториот дел,

секундарниот е делот на Министерството за труд и социјална политика и преземањето на мерките во Министерството за труд и социјална политика. Ако не одиме комбинирано со едното и другото, ние никогаш не можеме да дојдеме до соодветен резултат. Но, во исто време јас сакам да кажам, за да ние правата ги одржуваме на високо ниво, за да можеме да ги зголемуваме правата, ние кои што седиме во овие клупи, први ние мораме да ги почитуваме законите, први ние мора на нашите работници кои што сме работодавачи да ги плаќаме придонесите на полна сума, да не ги плаќаме на минималец, па уште да ги пријавуваме под други шифри за да можеме да плаќаме пониска основица на придонес за пензиско и инвалидско осигурување и овде исто така да држиме предавања колку сме загрижени за правата на работниците и тн. Против таквите се бори Министерството за труд и социјална политика и нормално дека ќе предлага вакви решенија кои што се поправедни и пологични и кои на долг рок ќе дадат многу поквалитетни решенија и резултати.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Љубисав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Господине претседателе, почитуван министре. Почитуван министре, ние сме во животот пријатели и сега ќе кажам еден голем парадокс. Јас со првата дискусија на господинот министер потполно се сложувам, а сметам дека законот не е добар и нема да гласам. Зошто, и каде се сложувам? Се сложувам дека сите влади, почнувајќи од 90-тите години па наваму носат рестриктивни закони во однос на работниците, во однос на вработените, во однос на оние кои што останале без работа. Исто така, јас во континуитет укажувам дека не е добро ниту за граѓаните, ниту за државата.

Ајде завршете, па јас ќе продолжам.

**Љупчо Јордановски:** Го дискутиравме парадоксот на господин Иванов, парадоксот што го спомнавте на почетокот. Јас не го сфатив, па го прашав министерот во што е парадоксот?

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Во тој поглед потполно се согласувам, се согласувам и во поглед на тоа што кажа министерот дека до ова ситуација дојдовме поради огромниот број на загубари, поради големиот број на стечаи, поради тоа што непрекинато ни паѓа производството, продуктивноста, економичноста, поради тоа што многу малку се отвараат работни места. Меѓутоа, сега веднаш се поставува прашање, кој е виновен за таа работа, работниците кои останаа без работа, или пак виновни сме ние. Министерот сега е министер 4 години, јас сум пратеник од 90-тите години во овој Парламент, за поранешните да не зборувам. Но, не можам да ја земам вината на себе, затоа што се водеше погрешна економска политика и затоа што не спроведувавме економски реформи. И тука се согласуваме. Но, вината не е кај работниците. Вината е наша. Пред некој ден имавме една резолуција за жртвите на еден систем, овде ја гласавме. Ама еден ден ќе дојде некоја резолуција, оние што ќе дојдат после нас кои нас ќе не прогласат дека сме виновни за големите страдања на нашите граѓани за нашиот период на владеење од 15 години. Се согласувам со министерот што кажа дека својот дел тие мора да го одработуваат и некако да бидат во координација со другите министерства и тн. Ама другите министерства нека си ја одработуваат работата. Не ја одработуваме работата и ние како што треба. Јас непрекинато укажував и денеска укажувам дека ние со ваква економска политика што ја водиме ние доаѓаме во една тешка состојба. Ние имаме кредитно монетарна политика која не овозможува инвестирање. Ако нема инвестирање, тогаш нема работни места, ако не се градат производни капацитети, нема каде да се вработат луѓето. Во тоа е проблемот и тука лежат сите проблеми. А вие веројатно се сеќавате многу малку има пратеници од периодот од 90-тите години кога ние одлучувавме да раскинеме со еден систем кој го имавме до тогаш, а беше прекрасен и не е комунистички, тука не се сложувам со министерот, бидејќи таков систем сеуште не постои на земјината топка. Ние рековме дека ние имаме извонредни услови: бесплатно здравство, бесплатно школство, дека голема грижа имаме за младите, за старите и дека сега треба да го надоградиме економскиот систем за да го развиеме системот каков што има една Шведска. Но, во меѓувреме, еве не развивајќи го економскиот систем како што треба, промашувајќи ги економските реформи ги наполнивме заводите за вработување со невработени и со стечајци и тн. И какви перпетум мобиле да правиме тука и какви рестрикции да правиме. Ние состојбите не ги поправаме, го усложнуваме животот на луѓето, а тие луѓе да се виновни, да се тие предизвикувачи на тие состојби, тогаш јас би се сложил ние да носиме рестриктивни методи какви што носи и развиениот свет. Еве, се споредуваме со земјите околу нас. Но, сите тие земји поминаа пред нас. Тоа често пати го кажував, пак ќе го кажам. Ние бевме далеку пред Бугарија, Романија, Маџарска и тн., каде се сега тие, каде сме ние? Што правевме ние за цело ова време?

Пред некој ден лондонски "Економист" објави дека веќе и Албанија не надминува. И тука се проблемите. Не е тоа да го решава ова Министерство, но кога нуди ова Министерство ваков рестриктивен закон, ние мораме да кажеме дека Владата мора да бара решение, не само оваа, туку и онаа што ќе дојде и оние што беа претходно ништо не се разликуваа. Да бараме решение во развојот на економијата во државата. Ние цело време се бавиме со некои големи политики.

Еве да речеме се истрошивме, де ќе влеземе денеска во Европската унија, де ќе влеземе во НАТО, де ќе влеземе онаму, таму итн, со големи политики. Ние не се занимаваме со обичниот човек, со обичниот граѓанин, со неговите маки и страдања. Ако ние со тоа се занимаваме, а треба да го правиме и како Парламент, тогаш кога ќе се

отвораат секој ден по илјада работни места, или секој месец по десет илјади итн, или секоја година по 250 илјади, нам нема да ни требаат вакви закони. Тие сами од себе ќе бидат непотребни. Проблемот е уште еднаш ќе кажам, лежи во нашата погрешна економска политика. 90-те години, оној таму како се вика Горбачов рече, Перестројка, реформи во економијата, или гласност реформи во системот. На сите јазици тој збор така се употребуваше. Ние овде го преведовме со успешни економски реформи. Ние не правевме реформи, ние ја уништувавме економијата. Реформи се да реформираш нешто, да стане квалитетно да промениш во правец на развој технички, технолошки иновации, да го развиеш да дојде на пазарот во конкурентна положба, меѓутоа, одсуството на една инвестициона политика, практич но не доведе до оваа ситуација да ускратуваме и да водиме поголема рестриктивна политика и таму треба да ги бараме решенијата, таму е излезот. Не може тоа да го направи Министерството за труд и социјална политика, колку тоа да се ангажира, колку да вклучува инспектори, колку да го дави стопанството. Стопанството е во тешка состојба. Тоа секој ден умира и не е во состојба и тоа што постои понатаму да егзистира. Потребни се вистински енергични човечки, цивилизирани, стручни, економски реформи во државата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Иванов.

Има збор господинот Флоровски.

**Александар Флоровски:** Не сум стручњак како некои стопанственици овде. Јас ќе разговарам и ќе говорам конкретно за законот. Што било пред 90-та година, тоа е минато време, што се случило 1990 до 2006 година, тоа е едно сосема друго време. Значи, пред и после Христа идеите што ги кажа господинот, другарот Цацко држат вода, но не ми е јасно зошто како учесник во две влади, ниедна од овие две работи што ги кажувате не ви ги прфатија. Значи немаат сенс. Тоа го говорам за минати влади од 1992 до 1998 година. Но, тоа е проблем на тогашните влади, на тогашните коалиции. Сега имаме една друга Влада, имаме еден друг закон. Она што го говоревте некои работи ми се прифатливи, а очигледно некои работи кои ги кажавте на министерот воопшто не му се прифатливи. Но, тоа не е ни битно.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски вие не се јавивте за реплика. Се јавивте за збор.

**Александар Флоровски:** Добро, ние говориме, сето ова да биде фаворизирано, да ми биде објаснето, да знам како ќе гласам, за што ќе гласам, дали е некое добро решение.

**Љупчо Јордановски:** Мислите дека не знам што е реплика, а што е збор господине?

**Александар Флоровски:** Најмалку сакам на господинот Цацко да му реплицирам. Не ми е таа намерата. Јас овде можам да разговарам како политички опонент. Значи, не реков политички непријател, туку политички опонент, противник во некоја смисла, што е нормално. Што да кажам, овде во самиот закон ние имаме две решенија, едно старо едно ново господине Јакимовски, имаме две решенија едното е од 1997 година "Службен весник" број 37. Новото решение ни го нудите денеска на маса, се некако набрзина доаѓаат работите, како и со минатиот закон се некако пред изборите. Сега можам јас основано да се сомневам, дали тоа е заради маркетинг, или не. Еве, нека не биде заради маркетинг. Сега се најде време, сте го работеле година, година и пол, две, не знам. Но законот се состои од 6 члена, верувам дека сте го работеле година дена. Не делувате толку неинтелегентно 6 члена да не можете да ги изработите за 5-6 дена, 10 дена. Всушност, зошто се носи овој закон? Се носи од едноставна причина што многу луѓе се на улица. Имаме 359 илјади невработени од разно разни причини истерани на улица дали со стечаи, дали се ставило клуч на фирмата, дали се купени од приватници, ја имаме состојбата, која ја имаме. Таа е фактичката состојба и на реалноста мора да и се гледа во очи и кога нешто е болно, мора да ампутира. Нешто кога не чини, мора да се бара решение и солуција да се дојде до решение кое ќе биде поквалитетно. Претпоставувам за оној кој е на улица и за општото добро на овој народ кој треба да живее, опстојува итн. Нешто како што рекле Србите: "трбухом за крухом". Да бега од државата зашто секојдневно ние имаме за жал, се помалку и помалку. Тоа е еден страшен тренд за кој никогаш овде не сме проговориле, ниту е тема, не сме ја отвориле, никој нема смелост да ја отвори и да каже пример од 1990 година до 2006 година имаме 100 илјади Македонци иселени од Република Македонија во некои други држави. Тоа е еден цел град, како Битола да го снема. Но, ова не е тема за денеска. Значи, поради причините кои ни се општо познати се носи едно решение кое може да му се даде квалификација кое е рестриктивно. Поинаку кажано македонски се косат сите денешни бенефиции, ако можат да се кажат дека тие се бенефиции кои се наброени во стариот закон од 1997 година.

Значи, може слободно да се констатира дека ова ново решение кое денеска ни е на маса нема "благе везе" со решението 1997 година, кое колку-толку гарантираше некои права на тие што ќе се најдат на улица. Инаку е многу тешко човек кога ќе се најде на улица, тој што лично не почувствува, не може да верува, бидејќи по народната излегува: "ситиот не му верува на гладниот".

Нека заврши министерот, па ќе продолжам. Немам со кого да полемизирам.

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте вие господине.

**Александар Флоровски:** Не можам да зборувам ако министерот не слуша. На кого ќе му зборувам јас. Господинот Тромбев си има свој став. Тој не е министер. Јас му се обраќам на министерот најдиректно.

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте вие и за јавноста. Јас знам сега што се случува во Парламентот предизборно.

**Александар Флоровски:** Сакам друго да ви кажам и на вас и на пратениците кои слушаат. Немам некоја посебна желба да бидам пратеник во идниот Парламент. Овој е јавно кажан збор, така да не патам од тоа дали некому ќе му се допаднам или не. Во животот нешто надвор и друго се случува. Малку поинаку ги гледам работите, по филозовски.

**Љупчо Јордановски:** Не значи дека ако немате посебна желба, дека нема да бидете.

**Александар Флоровски:** Претседателе убаво си правиме муабет. Да продолжам. Значи, господине министре, ако се гради некое скалило, новото решение можеме да го крстиме како порестрективно, или кастрење на одредени права, кои беа дадени со Законот 1997 година и беа набноени во пет точки. На членот 71 вие имате ново решение. Членот 71 ставот 2. Старото решение опфаќаше три месеци, четири месеци, шест месеци, осум и дванаесет. Денеска излеговте овде пред Македонското собрание, Македонскиот парламент, излегувате со едно решение во кое што ни е наброена целата година од 12 месеци и ни броевте доколку има 12 месеци стаж, се добива една просечна македонска плата итн. Не сум јас експерт за оваа област, но сум пратеник имате шанса да ми објасните некои работи кои ми се непознати. Не претендирам да знам се. Ниту може човек се да знае. До вас имате и советник. Јас немам никого дома. Значи, ќе продолжам. Имаме еден мал проблем во точките 10, 11 и 12, каде што велите во новото решение од 2006 година, 10 месеци ако имаш стаж на осигурување на 20 до 20,5 години, зошто вака ги делите, воопшто не ми е јасно, тоа е во членот 3, во членот 71 ставот 2 се менува и гласи: точката 10, прво, од каде ги извадивте овие бројки и зошто ни правите такви акробации. Секогаш се делат 5, 10, 15, 20, 25 години, 30 итн, вие ги делите 12 или 22,5 години. Едно решение кое не можам да го сконтам. 22,5 години, така стои буквално. Зошто не 20 години. Па во точката 11 имате 11 месеци ако имате стаж на осигурување, а 22,5 години до 25 години и 12 месеци ако има стаж на осигурување над 25 години. Значи, ќе добие 12 плати ако има изработено 25 години, колку што имам јас стаж. И се случува еден парадокс. На пример, тој се вработил на 30 години. Немал среќа, чекал во Заводот десетина години, завршил факултет на 23 години или завршил средно на 19 години, чекал 10 години, наполнил 29 години и 25 години стаж, тој веќе има 54 години. Кажете ми вие министре со овие пари кои ќе ги земе 12 просечни македонски плати, 13 и 200 и 300 колку беа, некаде доаѓа 150 илјади денари, во превод 5000 марки, или во превод по ново 2500 евра. Што ќе направи, а има четворочлено или петточлено семејство. Ќе си одговорите. Знам дека живееме во период на транзиција. Но не живееме во период на див капитализам, иако работите така ни се однесуваат во еден подолг период, за жал. Што со судбината на овие луѓе? Колкава е бројката на овие луѓе кои ќе бидат опфатени по сила на законот од точка 1 до точка 12. Имате ли бројки за колку луѓе се работи. Што со нивните судбини, што со тие луѓе, затоа што на 53, 54 години, ако јас добро ја разбрав работата, мислам дека ја разбрав, бидејќи ми кимнавте со глава, кој тие луѓе ќе ги прими на работа. Кои се нивните шанси за опстој ако наполнат 50 години. Значи кога ќе сте пред два избора да примите млад човек или стар, ќе го примите младиот, затоа што е попродуктивен, затоа што е поспремен, затоа што може повеќе да придонесе за доброто на фирмата. Дали тоа е јавно претпријатие, дали тоа е приватна фирма итн. Значи, секогаш оној кој е постар губи, не може да поентира, сите пикираат млади, како во случајот да ви се понуди помлада или постара секретарка, ќе ја одберете помладата, зашто е попретставителна, затоа што е побистра, повеќе трча, повеќе се ангажира итн. Значи човек штом ги фати 50-тите, не е оној што бил на 30. Тоа е нормална работа, природата си го прави своето. Попатно прашав колкава е бројката на луѓето кои ќе бидат опфатени според овој член и овие 12 точки ако имате евиденција или дали воопшто водите таков список, не знам. Колкава е таа бројка како држава. Колкав број на луѓе со овој закон ќе бидат опфатени. Дали тоа ќе бидат 30, 40, 50, 60, 100 илјади луѓе. Колкави се средствата што ги одвојуваме преку вашето Министерство. Постои ли таква евиденција во нашава држава. Наследивте ли од минатата Влада такво нешто, или вие допрва правите такво нешто. Ако нема таква работа, тоа е трагично за државата и за тие што претходно ја воделе и за тие што пред нив биле и за оваа Влада и за некоја идна ако не се води таква евиденција, колкав е бројот на луѓето кои ќе бидат опфатени по сила на членот 71 ставот 2. Таква работа претпоставувам дека нема, а би требало да има, претпоставувам, не сум сигурен, не можам да гарантирам, а би требало да има, затоа што секоја држава која себе си се смета за сериозна води евиденција на буквално се што се случува во државата, за да има подобар преглед, за да може утре да интервенира во било која сфера и на крајот, тој социјален проблем кој може да се јави да не се роди политички проблем и за да можат работите да се држат под контрола, што е една нормална работа. Затоа ве прашав дали се води сметка за сето ова што е наброено во овие 12 точки, колку од нив се опфатени. Ако ги помножиме тие бројки со по 3, 4 од фамилија тоа е огромна бројка претпоставувам, која навистина претставува една критична маса и тоа мора да се решава. Ако е ова решението ашкосум. Ако мислите дека со ова решение ќе ги решите сите проблеми, вие гарантирате дека е така, затоа што сте министер. Ќе кажете јавно дека сметам дека со ова решение ќе се решат многу од проблемите кој со законот од 1997 година, па продолжува понатаму истиот закон од 2001, 2003, 2004, 2005.

Овде имате до 2007 шест промени. Значи, она македонското "секое летенце детенце". Нон стоп нешто менуваме. Или менуваме или ни паѓаат законите на Уставен суд. Тоа е веќе парадокс. Парадокс на македонските институции. Значи, треба да се води евиденција, за социјалниот проблем да не стане политички проблем. И тоа, нормално политичките партии ќе го исползуваат. Денеска опозицијата, утре сегашната позиција. Тоа е една нормална работа политичките партии да поентираат на грешките на владеачката каста во дадениот момент. Тука, апсолутно нема лутење. Таму каде што ќе можам, ќе поентирам. Ќе дадам "и сеч и меч", а тоа е и борбата на политичките партии. Но, за жал, од таа фамозна 2002 година, каде што по еден требаше да се вработи од секоја македонска фамилија, излезе сосема друга работа. Овие бројки кои ни ги презентирате за 359 илјади, колку и да сакам да ви верувам, не сум убеден дека толку се невработени. Тоа е мое лично убедување. Јас не велам дека вие лажете. Јас не реков дека лажете. Јас сакам да ви кажам дека не верувам.

Подучен од минатото овој народ многу пати беше излажан, многу пати беше изигран, многу пати беше изманипулиран, многу пати беше пренесен жеден преку пустина, а поминува покрај река или езеро. Од тие причини јас не реков дека лажете, може некој и со вас манипулира во матичното Министерство, очекувајте и такви работи. Постојат и такви работи, "прљави работи", но тие се дел на политиката.

Сметам дека вкавите решенија, иако се мали, тоа се измени на постојниот Закон, сепак сметам дека треба да направите разговори со тие што се затекнати. На пример, со Здружението на стечајците, претпоставувам дека сте разговарале, не знам кои се нивните барања, никој тука не ни кажал. Излезете да кажете да, седнавме со некои организиации, разговаравме. Потоа да седнете со Синдикатот на Македонија, оној "фамозниот лидер" Муратовски што мисли, дајте да го слушнеме. Тие се покомпетентни од нас, тие цел ден се бафтаат со вакви работи, а никако да изведат вистински работнички права, а божем се борат за работнички права, додека целта им е само една. Да остане на фотелјата и да зема плата, заради благодетите кои ги нуди таа функција која ја има. Значи не слушнавме министре од вас, да видиме што велат стечајците. Навистина ви говорам, јас лично не сум слушнал кое е нивното мислење, имаат организации, имаат пранвици, па да го видат, да кажат сметаме дека ова решение е добро, е лошо, држи вода, не држи вода, па да консултирате релевантни фактори, луѓе кои ја познаваат оваа проблематика. Повеќето од нас овде во Парламентот многу не ги познаваат работничките права. Овде има некои реченици, човек просто да се зачуди и добар правник да е, кај самите причини поради кои треба да се донесе законот стои една ваква реченица. Целта на дел од овие мерки е подобрување и унапредување на активните мерки на пазарот на трудот, намалување на извозот и пренасочување на средствата од пасивните кон активните мерки, како и поттикнување на активното барање на работа за користење на средства во рамките на активните мерки и другите мерки на поттици на вработување. Имаше еден македонски политичар кој сеуште е актуелен, кој кога ќе излезеше на говорницата и во минатиот парламентарен состав, и во времето на бивша Југославија, онаа вторката, кога го слушавме не само ние туку и постарите луѓе знаете што велеја? Момчево многу убаво говори, ама половина не сум го разбрал што кажал. Наравоучение.: Ова упростете го, ние не сме правници, не сме луѓе кои се бавиме со оваа материја. Напишете го на обичен македонски јазик за да може секој од нас да го разбере. Па не сме експерти за труд и социјална политика, инаку сите ќе бевме министри. Оваа реченица просто не можам да ја сватам. Пет реда е една реченица, ова не е просто проширена, ова е сложена реченица која не може никој да ја разбере. Постојано правите некои акробации, никој ништо да не може да разбере. Еве, мене не ми е јасно што сакате да кажете со ова, еве, ви кажувам отворено и ќе полемизираме цел ден што сакате да кажете со ова, а да ми вртите "како киша око Крагујевца". Кажете ми оваа реченица што треба да значи, просто македонски, едноставно и јас да ве разберам да ве разбере и македонскиот граѓанин и македонскиот работник и македонскиот стечаец на кој се однесува овој закон. Јас поставувам прашања на кои треба да одговорите.

**Љупчо Јордановски:** Поставувате прашања, министерот треба да одговори.

**Александар Флоровски:** Тој си ги нотира прашањата, не сум отиден јас кај него на гости, тој дошол кај мене, ова е мој дом. Утре ќе биде нечиј друг дом, тој има да седи и да молчи додека ние говориме, а ќе си побара збор и ќе си каже. Немојте на секој наш говор реплика да дава министерот. Министер се однесува подостоинствено. Сублимирајте сите што говореа, во сублиматот ќе кажете и ќе ги дадете одговорите на сите прашања. Министер така настапува. Кога ќе бидете пратеник, може да скокате од таму до тука кога сакате според најновиот Деловник.

Ве "фатив" на две места, работниците имале нелогични права. Кои се тие нелогични права да ми ги ојасните вие мене, но не на ваков начин како овде што ја имате срочено реченицава на страна 2. Кои се тие нелогични права? Па тие немаат никакви права, кој како стигне ги шутка, ни придонеси им плаќаат, диво работат, по 15 часа работат за 3-4 илјади плата, ЛОН работат. Немојте филмови да ни кажувате нас, се движиме и ние меѓу народ, слушаме, комуницираме, доаѓаат луѓе овде ни кажуваат. Немојте да правите дека во државава цвето се буквално, само ние сме слепи при очи, не можеме да прогледаме. Не сме тазе "родени мачиња", ние сме "мачори" овде, веќе остаревме во овој

Парламент. Немојте прикаски да ни кажувате, работниците имале нелогични права.. Кои се тие сакам да ми кажете и да одговорите пред македонската јавност, не мене, на тие што се однесува овој закон, тоа се измените на овој закон во овие 6 члена .Знаете ли во што е проблемот министре, што скоро 90% и во Владата и повеќе се следи партиските послушници и тоа што како идеја е добра не можете да ја инкорпорирате затоа што градите одреден Владин став. За жал тоа се случи и овде во овој македонски Парламент. Ова се однесува за сите, без при тоа да исклучам себе си.И јас некогаш бев слеп партиски војник, но прогледав, работите не биле такви како што некој сака да ни ги прикаже. Проблемот е тој. За да градите вистински закони, јас верувам дека ова решение кое го нудите вие- можеби ќе ми дадете одговор, воопшто не ме тангира тоа, ова при новата Влада ќе истрпи нова промена или ќе се анулира. Дај боже да е во ред, дај боже да заживее, дај боже да има резултати, затоа што на некоја идна Влада нема да оставите тешко бреме кое постои сега. Дај поже да вработите и 200.000 луѓе, не онака како што се велеше, по 1000 души дневно, не е можно, или 10.000 месечно и тоа не е можно. Барам пари, бара инвестици, пред се странски, тие никаде ги немаме, проблемот е кај нас. Кај нас е проблемот како менталитет, како ментален склоп.

Тука ќе завршам бидејќи сте пријавени за збор (му се обраќа на министерот Јакимовски), но јас би ве советувал да ги сослушате и другите пратнеици, па да ги сублимирате сите овие работи кои се за нас непознати, да ни ги објасните. Сакам да ми ги ојасните тие прашања кои ги нотиравте, имавте многу прашања, сочекајте ги да се сублимираат па да знаеме како да гласаме. Ако вие не ни дадете валидно образложение, ако вие со вашиот настап не ја поткрепите оваа работа, не ме убедите дека ова што е понудено е океј, дека е добро и е во интерес на стечајците, во интерес на сета оваа групација која е наброена од една година до 12 како сакате јас да гласам? Но круцијално прашање е дали вие министре сте убедени самиот во себе дека оваа работа е добра, или ви е натурена. Затоа и спомнав слепа партиска послушност. Добрите идеи, макар да доаѓаат и од еден поединец, и 20 души нека се против вас, треба да се држи цврсто, ако сметате дека решението е добро и квалитетно, да опстоите, затоа што одговорноста е кај вас, вие ја сносите. Ќе речат целата Влада е одговорна-да, но одговорноста ја носи ресорното Министерство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор министерот за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Претседателе, ако сакаат пратениците можеме да ги сублимираме сите забелешки па на крај да одговорам. Може и вака, како сакате така, бидејќи вие псотавувате многу прашања, правите многу дигресии надвор од Законот и како сакате така ќе направен, јас сум подготвен.

**Љупчо Јордановски:** Ова е општа расправа и сега се предизборни месеци. Јас можам тоа да го направам, само да не го злоупотребат времето.

**Стевчо Јакимовски:** Затоа што ми се поставуваат 20 прашања, на 20 прашања за три минути не можам да одговорам.

**Љупчо Јордановски:** Има уште двајца пријавени за збор. Ако завршат, но да ви остават 20 минути време да одговорите, тогаш јас . . .

**Стевчо Јакимовски:** За три минути ќе одговорам, не е проблем.

**Љупчо Јордановски:** Еве, до 17,45 часот, или порано ако се завршат двете пријавени дискусии, но во 17,45 часот прекинувам за да може за 15 минути министерот да одговори.

Госпоѓо Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Законот е многу интересен да се анализира, заради тоа што овој закон е менуван 7-8 пати и секоја измена е порестриктивна од претходната. Можеби предложените решенија според министерот се поправилни и пологични, меѓутоа, дали се праведни е основното прашање. Пологични можеби се ако ги погледнеме другите закони кои се усогласуваат, пред се Законот за пензиско и инвалидско осигурување и според него во пензија се оди според одредени години на старост, а тука веќе имаме логичност на решението во членот 2, според кое ќе се плаќаат придонеси за пензиско и инвалидско осигурување само на оние осигуреници кои немаат наполнето 15 години стаж, за да можат да го остварат тој минимум кој го бара Законот за да може да се оствари право на пензија. Тоа е логично решение и е усогласено со Законот.

Меѓутоа, не знам дали министерот или Министерството при подготовката на измените водело сметка дека во завршните одредби на Законот се продолжи рокот уште за 2 години за пензионирање по основ на остварен стаж од 35 и 40 години и колкава ќе биде бројката на работници кои ќе останат без работа а ќе добиваат надомест, меѓутоа, ќе можат да остварат пензија по основ на стаж во следните две години со решението на последните измени на Законот со кое се продолжи рокот на важење за пензионирање по основ на должина на работен стаж. Тоа е едната работа.

Втората работа се донесува на основните начела и принципи кои работат во правото. Едно од тие начела и принципи е дека законите не важат ретроактивно. Единствен исклучок на важење на ретроактивност на законот е ако тој е поповолен за странката.

Во овој Закон имаме многу чудни решенија, иако тој има само 4 члена. Во членот 2, со кој се менува членот 64, за овој член не се однесува ретроактивно важењето на Законот. Тука во образложението јасно се гледа дека

предложените измени нема да важат, односно не се однесуваат на постојните корисници на правото на пензиско и инвалидско осигурување, односно ќе важат од донесување на законот па натаму. Меѓутоа, не е применет истиот принцип и кај членот 4. Овде веќе имаме ретроактивно важење на Законот иако тој е многу понеповолен, многу рестриктивен, бидејќи вели дека поднесените барања до денот на влегување во сила на овој закон за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност ќе се решат со овој закон. Значи, на сите оние поднесени барања ќе се примени новиот закон. Тоа е веќе ретроактивна примена на Законот, а кажав што е основниот принцип во правото, а решението кое се нуди со овој закон е многу порестриктивно од претходното решение.

Навистина господине министре не можам да сфатам како едно основно правно начело во еден закон од 4 члена различно се применува во едниот член, различно во другиот член. Ако ние се залагаме за правна држава, а потврдено е дека се залагаме, тогаш мора при изготвување на законите да се следат основните принципи и основните начела. А вие господине министре сами потврдивте дека Македонија е правна држава. Меѓутоа, кога сте го изготвувале овој закон, многу различно сте го примениле основниот принцип за ретроактовно важење на законите.

Јас мислам дека членот 4 е најлошото решение што постои во овој закон, бидејќи ни малку не е ни правно ни логично, а уште повеќе праведно. Имено, затоа што оние што поднеле веќе барања до стапување во сила на овој закон очекуваат нивните барања да бидат решени според Законот кој важел во моментот на поднесување на нивните барања. Сега ние со донесување на овој закон ќе ги решаваме нивните барања по новиот закон кој е многу рестриктивен, затоа што тие ќе добиваат помал надомест и нема да им се плаќаат придонеси за пензиско и инвалидско осигурување. Лицата кои поднеле барање до овој момент и додека стапи законот на сила го познавале стариот закон и пчекувале дека ќе им бидат платени придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и ќе добиваат надомест онака како што било во старото решение. Меѓутоа, дали службите биле ажурни и веднаш ги процесуирале нивните барања и ако биле, тогаш би биле завршени нивните барања и ќе добиеле права по сега важечкиот Закон. Ваквото решение е многу неправедно и треба секогаш да важи решението ретроактиовно само ако е поповолно за странката. Во овој случај, ние немаме поповолно решение за странката, а веќе имаме поднесени барања. Ова не одговара ни на принципите на правото, а уште помалку одговара на нешто што се вика правна држава за кое сите ние се залагаме. Не е доцна оваа одредба да се смени и министерот да си предложи решение дека само на тие барања коои ќе бидат поднесени од денот на важење на законот па натаму ќе важи овој закон, а не и на претходните барања. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, повелете, имате околу 20 минути за дискусија, за да може министерот да одговори на прашањата.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседател, почитуван министер, колеги пратеници,

Денес пред нас е Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Многу кажува самиот наслов, ако се прочита полека ќе се види дека се работи за една материја која треба да биде број во Република Македонија, најгорливиот проблем кој што го имаме, најтешкиот проблем е токму невработеноста, последниот збор од законот.

Имаме прашање на кое Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија требаше да посветат многу поголемо внимание и јас очекував право да ви кажам, бидејќи овој закон беше најавен одамна, очекував да имаме закон кој навистина ќе значи нешто во оваа област, закон кој ќе придонесе за многуте проблеми кои се од посериозна природа, дури и од таква природа што веќе имаме организирани протести, штрајкови, веќе имаме организации кои нема да седат мирно во државата во кои се вклучија луѓе кои се без основните услови за живеење, за егзистенција, не велиме на работ на сиромаштијата туку многу подлабоко во сиромаштијата. Не можат да се прехранат.

Инаку, според Уставот на Република Македонија ние сме социјална држава, држава која треба да обезбеди за своите граѓани, без разлика на верска и национална припадност, еднакви и нормални услови за живеење. Тоа е она кое јас го подразбирам во една демократска држава, социјална демократија, а посебно ја имаме Социјал-демократската партија на власт поддржана од Либерал-демократската и малку ме чуди што овие . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, јас навистина имав толеранција, но ќе почнам да одземам збор, бидејќи треба да се зборува за законот, а не да се води политичка пропаганда и кампања од оваа говорница.

**Ванчо Стаменков:** Претседателе, вие не слушате што зборуваме. . .

**Љупчо Јордановски:** Јас слушам, вие спомнувате СДСМ, ЛДП, генерално спомнувате и водите кампања од оваа говорница.

**Ванчо Стаменков:** Не водам кампања, зборувам за законот, а вие не слушате што зборувам.

**Љупчо Јордановски:** Точно така, јас се извинувам што морам вам да ви го кажам затоа што цело попладне освен госпоѓа Лалчевска која зборуваше за законот, другите не, но повелете зборувајте за члeновите, бидејќи секого ќе прекинам и од позицијата и од опозицијата.

**Ванчо Стаменков:** Ќе кажам, бидејќи се работи за генерална политика во државата, ние како

држава не обрнуваме внимание на социјалата. Имаме некоја целна политика која може да се каже дека е политика за да се даде нешто на луѓето да се каже дека еве имаме и министер за труд и социјална политика кој дели некои пари по 1000-2000 денари кои ги даваат на луѓето, но со тие пари не можат едноставно да си ги покријат трошоците за ден или два. Тоа е факт дека е така, затоа глобално се навратив на оваа проблематика, бидејќи сметам дека е крајно време во оваа држава отворено да зборуваме за проблемите кои ги имаме без разлика на тоа што сега се избори или не се, ние имаме проблем кој секогаш е добро да се реши без разлика на времето кога ќе се донесе правилно решение и навистина ќе се помогне во насока на тоа Република Македонија да биде држава на посреќни граѓани.

Со законот кој го предлага министерот единственото нешто што можев да го забележам од содржината на законот е околу висината на надоместокот кој беше регулиран порано во членот 71 став 2 од постојниот Закон. Таа измена е онаа која можеби е добро направена, можеби заслужува внимание како е размислувано, може да добие поддршка таа работа. Но, загрижува еве на пример министерот да погледнал барем еден став подолу, да поразмислил малку околу ставот 3 кој го регулира прашањето на луѓето кои добиваат надоместок во случај на невработеност, а до пензија имаат уште 5 години. За мажи ако имаат старот од 59 години, за жени 57 години, а исполнуваат услови за старосна пензија.

Ова е тоа кое јас сакам да го посочам и кое предлагам да се регулира со овој закон како проблем кој го имаме во Република Македонија.

Број еден би било што со луѓето кои работеле, а останале без работа, но не го исполнуваат условот од членот 71 став 3 од постоечкиот Закон. Ако тие луѓе влезат во некоја од категориите од ставот 2 да примаат надоместок еден или два месеци, или да го искористат максимумот од 12 месеци, што ќе прават после тие 12 месеци, да речеме да го користат максимумот од 12 месеци, од што ќе живеат тие луѓе. Треба да се пријават во Одделението за труд и социјала во својата општина и да поднесат барање за социјална помош. Друг излез немаат ако не можат да најдат работа. Зборуваме за луѓе кои нема да можат да најдат работа или тешко ќе најдат, бидејќи се наоѓаат и во поодминати години, да речеме 55 години или 50 години тешко се вработуваат луѓе денеска, тешко дека некој ќе вработи човек на 50 години, а веќе имаат стаж или минат труд, можеби повеќе од 25 години дури и 30 години. Значи, имаме проблем како да го регулираме прашањето како овие луѓе можат да добиваат некој надоместок, бидејќи нивниот придонес за државата не е мал. Тие луѓе издвојувале полни 20 или 30 години за државата од својот бруто личен доход. Сега едноставно ќе бидат оставени на милост и немилост сами да се снаоѓаат како ќе опстанат, како ќе се прехранат. Тоа е прашањето кое треба да го регулира овој закон и јас очекував таа материја да биде регулирана. Не е доцна за втората фаза да се предложи амандман од страна на Владата и да се регулира ова прашање, бидејќи верувајте нема да ја згрешиме работата, ќе направиме една исправка на неправдата која се нанесува спрема луѓе кои се наоѓаат навистина во многу тешка социјална положба и сиромаштија.

За да не ја згрешиме работата треба да имаме инструменти вградени во законот преку кои ќе успееме да ги контролираме корисниците на овие парични средства дали одбиваат одредени работи кои се понудени оти има луѓе кои едноставно не сакаат да се вработат, бидејќи имаат други приходи, па подобро да добиваат некаков надоместок, а да останат без работа.

Треба покомплексно да се гледа оваа проблематика да не се регулира само со една реченица како што е обичај кај нас во Република Македонија, да ги оставиме сите тие аспекти на можни злоупотреби на законот од страна на лицата кои треба да го користат и конечно да направиме закон кој ќе може да се каже дека е закон кој навистина праведно спрема она колку го следува тоа лице кое треба да биде корисник, треба да добие надоместок со кој би имал еден пристоен живот.

Верувајте дека ова е она кое е како празнина која постои во законите на Република Македонија и прашање кое мораме под итно да го регулираме. Секому може да му се случи да остане без работа. Нема човек кој може со сигурност да тврди дека тој е неприкосновен и дека тој сигурно ќе биде вработен и сигурно ќе има обезбедено егзистензија. Едноставно не постои таков човек оти денеска можете да имате се, а утре да немате ништо. Верувајте дека она што го имаме како законска материја за регулирање на социјалната помош која е многу минимална, како што реков, не дозволува тие лица да бидат корисници на таа помош. Тие лица не се во таква состојба да немаат ништо, па сега треба да користат социјална помош. Тие лица се лица кои работеле, имале пристоен живот, имаат некакви материјални средства кои ги ограничуваат да поднесат документи за користење на социјална помош. Прашањето е многу посериозно и треба да му обрнеме многу поголемо внимание за да го решиме еднаш засекогаш. Има време, еве сега ќе заврши седницата, текстот на законот ќе дојде утре најверојатно на дневен ред или кога ќе закаже претседателот продолжение на седницата, Владата е тука, може да излезе со едно такво решение кое ќе биде прифатливо и кое ќе придонесе да им ја вратиме гордоста на тие луѓе кои се сега на улица без работа. Имаат куќи, некои од нив имаат возила, имаат се за еден пристоен живот, но немаат пари да си купат основни намирници за да се прехранат. Тоа е категоријата на луѓе која треба да ја згрижиме и на која треба да и помогнеме.

Имаме уште една категорија на луѓе за која јас лично, да сум на таква позиција, би им помогнал, бидејќи треба да им се помогне. Тоа се луѓе кои воопшто не биле вработени. Верувајте и на тие треба да им се помогне. Имаме луѓе кои се по 30 години, живеат уште со родителите, ги има со високо образование, средно образование, но едноставно не добиле шанса да работат. Се пријавуваат во Агенцијата за вработување по 10 или повеќе години, ги има во евиденцијата, присутни се таму, но ништо не можат да добијат, бидејќи едноставно нивните родители имаат одредени приходи или одреден имот кој ги спречува дури да ја земат социјалната помош која, иако е мала, би ја добиле ако не живеат со родителите. Треба да имаат сопствено семејство, да бидат одделени за да можат да бидат корисници на таа социјална помош.

Тука треба да се размисли, гледам министерот се смешка, но работата е многу посериозна, мислам дека треба да им дадеме шанса ако можеме да ги вработиме, да им помогнеме и да се докажат дали можат да работат, ако не работат, тогаш е веќе друга ситуација. Ако не сме им дале шанса да се докажат да работат, а тие сакаат да работат, бидејќи се пријавуваат во Агенцијата за вработување, а не добиваат шанса да се докажат, веќе е сериозен проблемот. Тие луѓе треба да добиваат надоместок за да можат колку-толку основните човечки потреби за нормално живеење, некоја основна егзистенција да ја покријат, да не зависат од своите родители, уште да им даваат џепарлак иако направиле по 30-35 години.

Тоа се прашањата кои сакав да ги отворам се со цел да придонесам за подобрување на текстот на законот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓа Којзеклиска побара минута ипол, повелете, имате збор да поставите прашање до министерот.

**Марија Којзеклиска:** Претседателе, јас побарав две минути, вие дававте една, па се исценкавме на минута ипол.

Да не должам, кратко и јасно, јас би сакала да го прашам министерот дали, со оглед на фактот дека стечајните работници преговараа, договараа, разговараа со министерот за труд и социјална политика и со премиерот Бучковски од месец ноември па до скоро, колку ме држи паметењето, имаа неколку средби. Би сакал краток, јасен и прецизен одговор од министерот, дали ваквото решение е понудено во измените и дополнувањата на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност е она решение кое го бараа стечајните работници и би сакал одговорот да ми биде конкретен, а не она што го има наведено во активни и пасивни мерки во причините.

Стечајните работници имаа неколку барања, јас би сакала да знам дали е ова тоа решение, дали е компромисно, дали ова решение е предлог на Владата или е предлог на стечајните работници.

Втората работа која сакам да ја кажам која ја посочи колешката Лалчевска во основниот текст на законот, во преодни и завршни одредби членот 102 став 2 вели: Започнатите постапки за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност ќе се завршат, според законот,кој важел во моментот на започнувањето на постапката, така што не држи вода она што го бара министерот во членот 4 кој е рестриктивен член и отстапува од правилото на владеење на правото. Министерот има проблем очигледно со правната држава, тоа го докажавме, е сега, додека не завршила постапката амандмански да реагираме.

Благодарам многу, почитуван претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска можеме да бидеме духовити, но сепак да бидеме и пристојни.

Министерот за труд и социјална политика ќе даде одговор на сите досегашни поставени дилеми на последните три говори и со тоа ја завршуваме општата расправа, бидејќи завршува седницата.

**Стевчо Јакимовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници,

На почетокот сметам дека нема потреба да давам образложение затоа што се работи за многу кратки, јасни измени од само неколку члена.

Би сакал да ги дадам следните објаснувања:

Прво, беше поставено прашањето зошто пред избори, во ова време, повторувам дека Министерството за труд и социјална политика работи во континуитет на одредени законски измени. Конкретно, законските измени се гледани на седница на Економско-социјалниот совет три пати. Првиот пат на 23 ноември 2005 година. Беше дилемата, бидејќи се користат енормни средства за лица кои имаат остварено права по основ на претходно стекнат работен однос да земаат паричен надоместок, да им бидат платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и платено здравествено осигурување до 2024 година. Значи, имаме лица кои остваруваат такво право до 2024 година. Има поприлично. Значи, секоја година до 2012, 2015 година веројатно почитуваниот пратеник Флоровски не знае дека има такви лица кои користат вакви права до 2024 година и сега некои од вас ми велат зошто го менуваме законот, треба да имаме вакви права. Имаме ситуација во која некој стекнал право 1996 - 1997 година, а го користи до 2024 година, тоа се 29 години почитувани пријатели, да седи дома, да зема паричен надоместок и да му се плаќа пензиско и инвалидско осигурување и ќе има пензија поголема од илјадници работници кои одат на работа наутро стануваат, напладне се враќаат или одат на смени. Дали е тоа праведно? Како можеме ние како Министерство за труд и социјална политика да ги затвораме очите пред вакви решенија кои во минатото биле направени, а кои на долг рок продуцираат сериозни проблеми

и кои сериозно не внесуваат во делот на социјалната неправда. Ако земеме дека едно лице во просек користи пензија 14 години, значи тоа лице ќе биде на товар на државата, не на државата, туку на терет на останатите работници во оваа држава, а ги имаме 397-398 иљади, значи, скоро цели 40 години.

Дали е тоа праведно? Дали е тоа во ред? Тие 398 иљади работници издржуваат 269 иљади пензионери. Издржуваат 73 иљади администрација. Издржуваат 39 иљади стечајни работници, технолошки вишоци, итн. Издржуваат 66 иљади социјални случаи и да не ги бројам преку 120-130 иљади лица кои остваруваат разни социјални права. Дали ова стопанство, тие што одат на работа можат ова да го издржат? Секако дека не можат и ние мора да преземеме мерки во насока на оној што не сака да биде пријавен да го стимулираме да биде пријавен. Се поставува прашање дека имаме нелогични права. Па тоа е нелогичното право. Да седите дома и некој да ви плаќа стаж.

Само замислете, значи за да некој ви плаќа и добиете плата и стажот да ви биде платен и да имате здравствено осигурување, вие морате да имате договор за работа. Без договор, само уште фали храна и превоз да дадеме и к-15 и комплет сите права од работен однос да се остваруваат. Има ли логика оној што оди на работа, фирми што имаат потешкотии да не се плаќаат придонеси на работниците поради тие потешкотии, а во исто време да имаме работници кои се дома или пак работат на црно, или пак имаат други приходи итн, а да им се плаќа пензиски стаж. Во ред, тие лица треба одреден временски период или постарите лица до пензионирање или до повторно вработување да им помогне државата, треба да ги хранат своите семејства. Имаме такво решение. Паричен надоместок тие што имаат се помлади од 57 години жени, мажи од 59 години, ќе добиваат сретства до една година. Останатите, постарите ќе добиваат до пензионирање. Во ред. Тоа треба да го имаме. Но, зошто плаќаме пензиски стаж? Зошто годишно даваме милијарда шесто и седумдесет? Тоа се 27 милиона евра. Замислете годишно 27 милиони евра во земјоделие да даваме. Четири години тоа се преку 100 милиона евра. Замислете колку работни места ќе отвориме ние со 27 милиони евра годишно. Јас ви гарантирам во оној Штип во кој што имаме преку 50 погони нови отворени од каде што целиот притисок за стечајните работници доаѓа дека сите погони заедно со машински парк, со згради и друго не вредат 27 милиони евра. И ние мораме вистинските решенија и оние што не советуваат од надвор и економската мисла вели дека се повеќе ние треба да водиме сметка и да предлагаме економски мерки. Ова што ние го предлагаме е економска мерка. И ве молам, треба да правиме разлика помеѓу делот што е социјална заштита и делот што е право од работен однос. Ова е право од работен однос. Ова не е социјална заштита. Зошто сите овие граѓани ги поистоветуваме дека се на работ на егзистенција. Не е точно. Дел од нив имаат други приходи, дел од нив работат останати членови од семејство. Социјално загрозени се други лица што земаат социјална помош. Ве молам, праведно ли е во една држава право од работен однос што се остварува, значи стечајци и технолошки вишоци да трошат 39 иљади лица да трошат 80 милиони евра, а сега ќе ви ги набројам, 65.000 социјални случаи, 4.900 корисници на постојана парична помош, тоа се тешки случаи со тешка здравствена состојба. Имаме 22.000 лица што земаат нега од трето лице, имаме 4.380 лица кои што земаат посебен додаток, тоа се лицата со пречки во развој. Имаме преку 30.000 лица што земаат детски додаток, имаме 3.300 борци, имаме 388 цивилни и воени инвалиди и имаме воени инвалиди преку 3.300 лица. Ова е категорија на граѓани преку 120.000 лица. За преку 120.000 лица во оваа држава издвојуваме 47 милиони евра, а за 39.000 лица издвојуваме 80 милиони евра. Дали е тоа праведно? Ви дадов една компарација, Црна Гора социјалната заштита и е 29 милиони, 3 милиони евра и е овој дел правата од работен однос. И ние ако зборуваме и сакаме да им помогнеме на граѓаните, ние мора да ја менуваме социјалната политика, ние мора да го подигнеме социјалниот праг повисоко, наместо сега што е 16%, секој што има под 16% примања од просечната плата по член, има право на социјална заштита и тоа да го зголемиме на 20, 25, или 30%, или колку да биде за да може повеќе лица да влежат во системот на социјална заштита. А овие средства што ние овде ги имаме повеќе да даваме за лица што сакаат да се вработат, да се отворат нови работни места, да го стимулираме да прими некој друг, за обуки итн. Од 358.650 лица невработени 46% или имаат завршено осмо одделение и пониско образование или немаат никаква квалификација. Кажете ми во една фирма колку работни места има за неквалификувано лица, колку места има за чистачки, кажете ми? Дали ние со овие средства што треба да ги земеме не траба да кажеме, овие лица мора да одат во школо да се дошколуваат, овие лица мора да одат на обуки, овие лица мора да се оструччат. Ние имаме во Агенцијата за вработување одредени занаети, или пак да речеме не знам, заварувачи немаме ниту еден, да не кажам од металската струка која се бара, немаме ниту еден. Ние мора да даваме сретства, ние немаме таму погони по претпријатија да обучуваат лица што се вели утре за непозната фирма за да можат тие лица да се вработуваат. А ние не можеме на друг начин да ги обезбедиме и да даваме за вакви права кои што не се логични и од друга страна исто да обезбедиме средства. Тие средства ние мора да ги земеме од некое друго место.

Понатаму, дали сме консултирале? Јас ви објаснив дека ги поминав на Балканот сите министри за труд и социјална политика. Освен Хрватска ниту една земја нема вакви права. Секаде се по една година. Бугарската министерка ми вели: од каде вие ќе најдете толку пари?

Босанскиот министер ми вели: вие ја убивате во мозокот на оној што останал без работа секоја негова иницијатива да бара работа. Тоа се нивни зборови во размената на искуствата. Значи, Србија има само до една година. Значи 10 милионска Србија има 70.000 стечајни работници и технолошки вишоци, а 2 милионска Македонија има 39.900. А сите други земји имаат многу помалку. Имаме голем дел од работници што сами се пријавуваат да одат како технолошки вишоци во договор со работодавачите. Правевме истражувања, истражувањата кажуваат дека 37% одбиваат да бидат пријавени. Зошто? Ем ги користат социјалните фондови. И таа мала пара што се дава ќе ја искористиме на друго место многу поквалитетно и многу посоодветно. Значи, разговаравме со синдикатот, разговаравме со работодавачи, нивниот предлог беше да ги укинеме комплетно плаќање на придонес за пензиско инвалидско осигурување, односно да го намалиме на 65% од просечната плата за сите и на оние претходно што добивале. Значи, и тие што се до 2024 година. Меѓутоа, ние не можеме да укинеме право кое што е стекнато со Устав. И затоа отидовме на вакво решение во кое што за оваа година нашите проекции кажуваат дека ќе останат 70 милиони денари. Тие пари ние нема да ги носиме дома, тие пари повторно ги даваме за програми за вработување. Имаме обврска од Донаторската конференција и ние како држава да обезбедиме средства. Еве сега стигнуваат нови 450 илјади евра од Норвешката влада повторно за вакви проекти во кои што треба да вработуваме лица и да ги поттикнуваме на обуки и на преквалификации и на дообразование итн. Сега, законот е логичен, но дали е доволно праведен? Ние предлагаме праведно решение. Праведно ли е оној што работел 15 години да има исти права како оној што работел 30 години? Ако издвојувал помалку во Фондот, ќе користи помалку години. Ние предлагаме решение на секои две ипол години по еден месец. Има ли логика оној што е само 9 месеци на работа да има три месеци, од Заводот да биде платен и стаж и се да му се плати, а оној што работи 30 години да му се плати една година. Тоа нема логика. И ние предлагаме тука едно решение кое што е скалесто, кое што е многу поправедно и кое што сметаме дека оној кој подолго издвојува, тој ќе има и повеќе права и тоа е сосема нормално и тоа е секаде во светот така.

Понатаму, прашањето околу неверувањето дали е бројката 358.600 лица. Црна Гора има 18,5%, Србија има 22%, Бугарија има 11,4%, Романија има веќе 9%. Отворија толку многу фабрики, толку многу инвестиции дојдоа? Ги применија истите методи како што ги применуваат во сите други земји. Дали на нас како Македонци ни е гордост кога одиме во Европа и кажуваме дека сме апсолутни шампиони имаме 36% невработени. А сите знаеме дека не е таа бројка, дека таа бројка не е точна, дека е фиктивна. Самиот податок што 76.000 граѓани рекле, јас се пријавувам само за здравствено осигурување, јасно кажува дека во старт таа бројка не е таа, односно 77.000. И наша задача е, ако сме прво патриоти да не ни се смее цела Европа и цел свет дека имаме толкава висока невработеност, кога таа бројка апсолутно не е точна. Секој оној што работи да го тргнеме од евиденција. Секој оној што не сака да работи исто така да се тргне од евиденција, секој оној што не бара работа, нека се тргне од евиденција, секој оној што е во странство по неколку години нека се тргне од евиденција. Ве молам, доаѓа кај мене странка и вели: министре, мојот брат веќе со семејството е година ипол во странство, секој месец ни стигнуваат картончиња од Фондот за здравство, ниту се пријавува брат ми, ниту оди во Агенцијата за вработување, а картончиња му стигнуваат. Му велам, зошто не оди, а тој ми вели, па си имате вие служби. Сакам да кажам дека тоа е дел и на неодговорност и на службите кои што во континуитет ги тераме да работат. И ние сите како патриоти треба да направиме се што може за да таа бројка дојде до едно нормално ниво во кое што нема зошто да претставуваме циркус за Еворпа, да викаме дека имаме 36% невработени, кога не е точно, не е таа бројка апсолутно точна. Мене ми е навистина драго што ние овозможивме многу луѓе да не се радуваат дека бројот на невработените е 400.000, што апсолутно не е така.

Со стечајците разговаравме многу пати. Ние не можеме за стечајците да предлагаме специјални права. Јасно и гласно ги прашавме, дали вие во моментов сте вработени, или невработени? Ние сме невработени. Тие се дел од 358.650 невработени. Како ние, по кои закони, по кој Устав ќе издвоиме одредена група од 5.600 лица и ќе кажеме, на овие ќе им дадеме посебни права. Никако, тоа е вон од секој Устав.

Второ, како ние некому што ќе седи дома ќе му дадеме 6.000 од овие 360.000, а во текстилната индуствија земаат по 6.000 плата, градежните фирми земаат по 6.000. Имаме 126.000 пензионери кои што земаат под 6.000 денари пензија, а голем дел од нив работеле по 40 години, жените по 35 години. Дали е тоа праведно? Ние зборуваме за иницијативи, за барања. Нормално, секој има барања, вработените сакаат поголема плата, невработените да се вработат, пензионерите повисоки пензии, социјалните случаи поголема социјална помош, стечајните работици повеќе права. Нормално и легитимно е секој да има барања. Но, за тоа сме ние тука поставени како политички субјекти кои што ја водиме оваа држава, да се разјасниме и да кажеме што е логично, а што нелогично. И навистина да му помогнеме на тој што навистина му е потребна помош. И ние да престанеме да ги мешаме работите, социјална заштита од права од работен однос. Ова е закон за осигурување во случај на невработеност. Ние овде имаме само 1,69% од бруто платата издвојуваме. 80% од средствата ги даваме од Буџет. И тие се огромни средства кои што верувајте да се вклучат во развој тоа се многу пари. Имаше прашање еве да ја разјасниме

реченицита. Целта на дел од овие мерки е и подобрување и унапредување на активните мерки на пазарот на труд. Активни мерки се да го праќате на обука, да го праќате на дообразование, да давате стимулации за вработување, одреден временски период вие да го плаќате, значи да учествувате во платата итн, намалување на износот и пренасочување на средствата од пасивни во активни. Ова се пасивни сега што имаме. Значи, добива надоместок, добива придонес за пензиско, добива придонес за здравствено осигурување, тоа се пасивни мерки. Да ги насочиме кон активни мерки. Тоа е тоа што сме го напишале и не знам што не е јасно. Како и поттикнување на активно барање на работа и користење на средства во рамките на активните мерки. Да го поттикнеме на лицето кога не му се плаќа придонес за пензиско, тој мора да биде заинтересиран да биде вработен, ако најде работа да го регистрира за да му тече стаж. Во рамките на мерките и други мерки и потези на вработување. Сето она што прават во другите земји, тоа го правиме и ние. Оценките од Европската комисија се дека сме на прав пат со овие решенија, дека резултати ќе има во тој дел и ние предлагаме решение кое што е сосема логично и кое што е во интерес, јас ви гарантирам на сите граѓани и Министерството за труд и социјална политика и Владата во целост стои зад ова решение.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, нема да добиете збор од едноставна причина, затоа што така се договоривме. Инаку, ќе му дадев збор на господинот министер пред вие да имате збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам службите да го утврдат борјот на присутните.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ја прекинувам седницата.

Седницата ќе продолжи во среда со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот)